СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Петтото продолжение на Шеесет и третата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 13 јули 1993 година

Скопје, јули 1993 година

**V ПРОДОЛЖЕНИЕ ОД 63-ТА СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 13.VII.1993 год.**

1. АНДОВ СТОЈАН – 1, 4, 48, 99, 100, 101, 102, 104, 111, 112
2. АНАСТАСОВСКИ МИТКО – 60, 61
3. АРСОВСКИ БРАНКО – 13, 28, 46, 75
4. АРСОВ ДРАГИ – 79, 86
5. АНДОНОВСКИ ГОЦЕ – 17, 22, 44
6. АБДИ ФАИК – 19, 100, 106
7. АЛИУ ЕШТРЕФ – 21, 99, 105
8. БОЈКОВСКИ ЃОРЃИ – 17, 19, 21, 29
9. БАЈАЛЏИЕВ ДИМИТАР – 101, 102, 115
10. ГОЛУБОВСКИ ВЛАДИМИР - 59
11. ДИМИТРОВА РАТКА – 49, 76
12. ЃОРЃИЕВ ПЕТАР – 31, 66, 106
13. КОВАЧЕВСКИ СТОЈАН - 7
14. КРСТЕВСКИ НИКОЛА - 24
15. ЗИБЕРИ НАСЕР - 108
16. ЛАЗАРЕВСКА БИЉАНА - 72
17. ЛУЛОВСКИ КОЛЕ – 86, 114
18. МЛАДЕНОВ ВАНЧО - 31
19. МИЦЕВСКИ ТРАЈАН - 23
20. МАНЧЕВСКИ ЈОВАН – 2, 3, 15, 31, 37
21. МИТЕВСКИ ВЛАДИМИР – 8, 11, 20
22. МУРАТИ ЏЕЛАДИН – 23 (води седн.)
23. МИНОВ ПАНЧО - 63
24. НИКОЛОВ ЈОВАН - 12
25. ПЕТКОВСКИ ТИТО – 47, 110
26. ПОПОВСКИ НИКОЛА - 78
27. РАМАДАНИ ИСМЕТ – 100, 104, 115
28. СУЛЕЈМАНИ ОЛОМАН - 103
29. САДИКУ ФЕРИД – 2, 16
30. СТОЈАНОВСКИ НАЌЕ - 107
31. СПИРОВСКИ ИГОР – 37 (чита список)
32. СТЕВКОВСКИ ТОМИСЛАВ - 93
33. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 56
34. СТАНКОВСКИ РИСТО - 70
35. ТАИРИ ЏЕЛИЛ – 69, 113
36. ТРПЧЕВСКИ ДУШАН- 5, 37
37. ТРПЕНОВСКИ ДИМИТАР – 25, 28, 52, 54
38. ТОШЕВ БЛАГОЈ – 29, 43
39. ТОФОВСКИ ЈОВАН – 33, 42 (м.ЗА здр.)
40. ХАЛИЛИ МУХАМЕД – 100, 105, 111, 112
41. ХАРУНИ СЕЈФЕДИН - 116
42. ФЛОРОВСКИ АЛЕКСАНДАР - 86

- продолжува -

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Петтото продолжение на Шеесет и третата седница на Собранието на Република Македонија, одржано на 13 јули 1993 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 10,50 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве известувам дека во салата се присутни 63 пратеници и Собранието може да работи.

Пратениците Ристо Стаменов, Јордан Бошков, Димитар Поповски, Тиме Андонов, Страшо Милковски, Симеон Иванов, Драги Гроздановски, Благоја Чкатроски, Стоиле Стојков и Благој Ханџиски, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Продолжуваме со претресот. Како што ви е познато отворен е претрес по амандманот на член 12 по новиот член 76-а за додавање нова точка 3-а, поднесен од пратеникот Ферид Садику.

Молам претставникот на Владата сега да се изјасни.

Ве молам повикајте го пратеникот Ферид Садику, кој е тука некаде.

Ве молам, бидејќи господинот Ферид Садику не е тука, го одлагаме амандманот за потоа.

Дајте да одиме сега на следниот амандман.

I/2.-СП/МЛ

Отворам претрес по амандманот за внесување нов член 13-а, поднесен од група пратеници.

Дали некој од пратениците бара збор?

**ЈОВАН МАНЧЕВСКИ:**

Бидејќи амандманот е сосема ист, односно има мала промена од оној што е на Комисијата, ќе го повлечеме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сега да се вратиме на амандманот на член 12 во новиот член 7 6-а за додавање нова точка 3-а, поднесен од пратеникот Ферид Садику.

Го молам господинот Садику ако има некои противречни работи да ги објасни.

**ФЕРИД САДИКУ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници. Поради тоа што поднесениот амандман е доста општ затоа предлагам истиот да се прецизира со следната формулација. Наместо "корисник"на социјални помошти", да стои "корисник на основните права според Законот за социјална заштита'4 Спрема тоа, првиот амандман го повлекувам и го поднесувам овој со оваа формулација што сега ја наведов.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Овој амандман не е поделен. Значи овој е повлечен, а овој вториот уште не е поделен. Ги молам службите да го поделат.

**ФЕРИД САДИКУ:**

Вториот се печати и наскоро ќе биде поделен на пратениците.

I/3.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 13-а, поднесен од Комисијата за здравство.

Молам, кој бара збор?

Инаку да ве известам по амандманот од господинот Садику ќе се навратиме подоцна кога ќе биде поделен.

Сега има збор господинот Манчевски.

**ЈОВАН МАНЧЕВСКИ:**

Амандманот се однесува на членот 127 од постојниот закон и гласи: "Амбулантно - поликлиничка и консултативна дејност може да врши здравствен работник со личен труд како дополнителна дејност во здравствена организација или во приватна ординација под услови што ќе ги пропише Министерството за здравство. Услугите за дополнителната дејност ги плаќа граѓанинот со лични средства".

Почитувани пратеници, пратеничката група на Либералната партија ќе го поддржи овој амандман. Во програмата на партијата стојат такви решенија, а тоа што не го прифаќа Владата, е знак дека таа спроведува програми. Причините поради кои ќе го поддржиме овој амандман се следните:

Прво, со овој амандман не се бара ништо повеќе од она што на другите граѓани веќе им припаѓа по Уставот и Законот за работни односи и другите позитивни прописи.

Второ, со овој амандман се врши исправка на една дискриминација спрема здравствените работници, премавнување на една забра- на што ја има сегашниот Закон, кој нема никаква логика. Забрана за една професија да не може да врши додатна дејност токму она што нај- добро го знае, а може да биде се друго и лозар и овоштар и земјоделец и незнам што.

I/4.-

Трето, со овој амандман не се менува ништо во областа на финансирањето на здравството, не се атакува на здравствениот денар било од Фондот било од Буџетот, туку напротив тие можат да бидат донекаде растоварени, затоа што граѓаните во конкретниот случај по сопствен слободен избор би плаќале евентуални услуги од сопствениот џеб доколку сакаат совет, мислење или преглед од одредено стручно лице од областа на медицината надвор од вообичаеното време и место.

Четврто, со таквото решение би дошло до израз квалитетот на здравството и тој би бил достапен за поголем број граѓани. Со решенијата што ги нуди сегашниот закон односно забраната некои стручњаци се недостапни за обичниот смртник. Со понудениот амандман тоа би било премавнато. И обичниот граѓанин за свои пари би го добил она што го бара или што го сака. Илузија е да се мисли дека сите здравствени работници ќе можат да имаат било каква корист од сето тоа. Одредена материјална корист би имале сигурно најдобрите, најквалитетните, најстручните и најбараните.

Петто, ние сме за една поголема либерализација и во областа на здравството и како пратеничка група и како партија. Нам ни се страни залагањата на некои групи и поединци за статус кво во здравството од една единствена причина да не некој случајно не се збогати Таквите залагања ги сметаме за остаток од социјалистичкиот егалитаризам и комунистички унитаризам. Здравствените работници заслужуваат да добијат шанса како и сите други граѓани на оваа земја, но и си- те граѓани на оваа земја да добијат шанса на избор.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор господинот Трпчевски.

I/5.-

**ДУШАН ТРПЧЕВСКИ:**

Почитувано претседателство, дами и господа.

Колегата Манчевски го слушнав пред малку за корисноста од усвојувањето на овој амандман од Комисијата за здравство усвоен пред 15 дена на оваа комисија.

Јас би се надоврзал уште за неколку други моменти кои го оправдуваат усвојувањето на овој амандман за дополнителна работа на здравствените работни организации.

Прво, се укинува дивата лекарска и стоматолошка приватна пракса во постојните работни организации во домот на здравствениот работник, во станот на пациентот и на други места. Од 19 59 година кога беше укината лекарската приватна пракса оваа дејност на дива приватна пракса постепено со се помала срамежливост, меѓутоа, во последните години, а и сега на големо се изведува, како што спомнав, на овие неколку места.

Понатаму, економска корист. Прегледите на дополнителната дејност ќе се наплатуваат во готово со ценовник одреден од Министерството за здравство, а за обавување на таква дополнителна работа во здравствените работни организации да кажеме некаде од 50% од средствата ќе одат за здравствената работна организација, а остатокот за извршителите на дополнителната дејност.

Трето, ќе се растерети фондот за здравствено осигурување, бидејќи обавените амбулантно поликлинички консултативни прегледи и други прегледи како на пример ЕКГ, лабораториски прегледи, ЕХО прегледи, ренгенолошки кои ќе бидат направени на оваа категорија пациенти во ординацијата на лекарот или во постоечките здравствени организации ќе бидат исцело платени во готово од корисниците на здравствената услуга.

Вие знаете последниве години, а поготово оваа година колкава мака мачи Фондот за здравствено осигурување да изврши собирање на долгот на средствата кои треба да ги намират кон здравственото осигурување. Не се уплатуваат редовно, со неколку месеци задоцнување потоа не се плаќаат во целина, а некои категории на корисници на здравствената дејност воопшто не уплатуваат, а пак користат здравствена дејност. Спрема тоа, како резултат на тоа, здравствените работни организации односно работниците вработени во овие организации на два пати го примаат личниот доход, а и покрај тоа со задоцнување на последната половина скоро од два месеци.

Вработувањето на нови лекари и друг вид здравствен персонал во ординацијата за дополнителна работа во услови да се прошири таа дејност или пак во случај на време на отсуствување на имателот на оваа ординација кога е на годишен одмор, спречен да работи пора- ди некои други работи, кога е болен итн., има можност да вработи времено здравствен персонал за оваа дополнителна дејност и невработените или пак вработените здравствени работници ќе имаат можност на некој начин да обавуваат на овој начин дополнителна работа.

Петто, до израз ќе дојде уште повеќе стручноста, културниот однос кон пациентите било кон тие што користат дополнителна здравствена дејност или кај постојните здравствени, па и приватни ординации или во домот на пациентите.

Шесто, досегашната инертност во остварувањето на прекршителите на здравствената дејност било во здравствените работни организации или во приватните ординации со оваа дополнителна дејност ќе биде во голема мера отстрането од страна на инспекторските служби на Министерството за здравство и од Лекарската комора на Македонија, бидејќи таа за тие неправилности да се отстранат ќе бидат исто така заинтересирани и самиот здравствен персонал од дополнителната дејност.

Седмо, воведување на нова технологија од страна на извршителите од дополнителната пракса било во постојаните здравствени организации или во приватните организации на лекарот од дополнителна работа таа да биде интензивирана што ќе им користи на пациентите. Да се потсетиме досегашната технологија на медицинската опрема е стара 80 до 90% и да не речеме дека е скоро отпишана и скоро неупореблива.

Според тоа, пред малку што изнесов го поддржувам овој амандман на Комисијата за здравство.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Ковачевски.

**СТОЈАН КОВАЧЕВСКИ:**

Само кратко да кажам како јас гледам на овој амандман.

Сметам дека до колку одредбата која се предлага во амандманот со прецизен правилник на Министерството за здравство кој ќе ги предвиди правилата на дополнителната работа и ќе каже каде може да се обавува, каде не може и каде не смее да се обавува дополнителна дејност може овој амандман да значи унапредување на квалитетот на здравствената заштита на населението и унапредување на струката.

Што досега имавме и што досега сметам дека многу пречеше во работата на здравствените работници со тоа што беа стриктно оневозможени со законската забрана да се бават со дополнителна дејност во струката.

Ние имаме една состојба која сакам да ја апострофирам, која премногу пречеше и го кочеше развојот на медицинската струка. Што е тоа?

Ние имаме се повеќе раширена појава здравствените работници оневозможени да се бават со својата струка 24 часа што е и обврска по

Хипократ, тие се бават со споредни струки, со трговија, угостителство, земјоделие, што сметам дека почна во здравството премногу да пречи. Сметам дека овој аспект треба да го имаме предвид и јас низ овој аспект го гледам залагањето на Комисијата за здравство што го предлагам амандманот.

Уште еден аспект кој сметам дека ќе биде корисен е спроведувањето и прифаќањето на амандманот, па ќе кажам под строга контрола на Министерството за здравство и одредбите кои ќе бидат прецизни како преодна фаза во она што ние не ќе можеме да го одбегнеме во иднина, а мислам дека и Парламентот зеде обврска следната фаза есенва да биде законска процедура што ќе регулира трансформација на општествениот капитал во здравството. Пак ќе кажам со тоа што прецизно ќе се каже што може да се трансформира што не може и што не смее да се трансформира во здравството заради специфичностите што ги има таа општествена дејност.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Митевски.

**ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, имаме два амандмани на овој член. Тие се слични, јас во мојата дискусија делумно ќе се осврнам и на вториот амандман.

Прво, сигурно постои уставен основ што го нудат членовите 8, 9 и 32 од Уставот на Република Македонија што Предлогот за измена на Законот за здравствена заштита фактички ни нуди едно ограничување на слободата и правата на граѓаните во случајов лекарите кои не се

рамноправни со другите професии. Не мислам само на високото образование, туку и на другите професии во нашата Република.

Второ, за мене е многу меродавно мислењето на стручните колегиуми на сите здравствени организации во Републиката. На седницата на која Комисијата за здравство ја одржа со претставници на Лекарската комора и Здружението на лекарите се стекна еден заклучок дека сите здравствени работници во Републиката се единствени кога бараат да се изедначат во правата на другите професии. Во прилог ви е доставено мислење од Лекарската комора, мислам дека е добро образложено барањето за обавување на дополнителна работа, барањето е издржано, па мислам дека и овде позитивно ќе се произнесеме по него.

Како што кажав сите здравствени организации во Републиката Здружението на лекарите, Лекарската комора прифаќаат освен Здравствениот дом од Крушево кој не дал поддршка на ваквото барање.

Трето, на ваков начин би дошло до прилагодување на здравството до новите општествено - економски услови, а посебно за целосно користење на интелектуални, стручни и други лични потенцијали на лекарите како граѓани на оваа држава.

Четврто, тоа го спомнаа и претходните дискутанти, граѓаните би учествувале со лични средства, па бидејќи учествуваат со лични средства навистина би оделе само кај квалитетни лекари каде би оствариле квалитетна здравствена заштита. Тоа би довело нормално до растоварување на Фондот, а еве сега имаме односно Законот ни нуди повторно воведување на партиципација на сите здравствени услуги, па на овој начин граѓаните кога би плаќале со лични средства нормално ќе одат кај оние поквалитетни лекари, што би довело до стручно раслојување во лекарската професија.

I/10.-

Исто така и ова беше спомнато дека дополнителна дејност ќе се обавува под одредени критериуми што ќе ги пропипе Министерството за здравство, нормално во соработка со нашата Лекарска комора.

Ова што го нуди амандманот значи сите лекари би имале право и набрзо би дошло до едно стручно раслојување и со дополнителна работа би се бавеле само навистина успешни лекари.

Трите можности за обавување на дополнителната дејност се реални, значи во сопствена здравствена организација каде што работи лекарот, во друга здравствена организација кај приватен лекар и на крајот во сопствена ординација.

II/1 сј/вц

**ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ:** (продолжение)

Вториот амандман на Гулистана Марковска и на Гоце Андоновски фактички ја нуди само третата можност дополнителна работа да се обавува во сопствена ординација. Можеби таа е и нај реална можност оти лекарот би инвестирал, прво да обезбеди работен простор, значи амбуланта, па би инвестирал со технички средства да ја опреми таа амбуланта и на крајот ако е успешен лекар и на крај направи лична пресметка дали тие четири саати што му остануваат попладне да ги обавува во дополнителна дејност се ефективни како оние 8 саати што ги обавува во својата здравствена организација самиот ќе си направи пресметка па веројатно набрзо тоа ќе го забрза и процесот тој лекар да оди и да работи во сопствена приватна ординација.

И на крајот падна како идеја да започнеме со практиката визити лекар или домашен лекар што токму при оваа можност за дополнителна работа би се остварила во Републиката. Значи, лекар кој би одел во домот на болниот, и тоа би го обавувал во своето слободно време, нормално под одредени услови што секако би се регулирало и со даночната политика.

И, како последно нема од што да се плашиме, министерството ќе препише по кои услови ќе се добива лиценцата и под кои услови ќе им се преземе лиценцата на таквите лекари кои ќе ја прекршуваат и Хипократовата заклетва и основните принципи врз кои би се овозможувала дополнителната дејност.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Николов.

II/2

**ЈОВАН НИКОЛОВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, амандманот кој што е поднесен од комисијата за дополнителна работа произлезе од повеќе согледувања од здружението на лекарите на Македонија и Лекарската комора на Македонија. И едната и другата ситуација мисли дека лекарите како сталеж во денешно време не се вклопени со законот за труд каде што и другите профили можат да работат дополнителна дејност надвор од своето работно време. Тоа е од една страна, а од друга страна професијата лекарска бара да биде ангажирана 24 часа односно да се отповика да пружи лекарска помош во секое време во тие 24 часа, заради тоа што самата Хипократова заклетва го тера да биде на тие позиции.

Комисијата долго расправаше додека се одлучи да го поднесе овој амандман и мислеше дека со овој амандман не се овозможува само едно право на лекарите, но се овозможува едно право на секој граѓанин на РМ во секое време да се избере свој лекар, по своја желба кога сака да прими одредена здравствена заштита. Тоа да не биде врзано за здравствената установа каде што работи лекарот туку и надвор од неа. Тоа значи да одредена категорија на лекари ќе можат да им го исполнат правото, законското право на граѓаните каде што ќе можат во секое време да избираат лекар по свој избор, дали тоа ќе биде во установата или надвор од установата, сигурно во овие денешни услови едно право од Законот за здравствена заштита можеби не се исполнува заради тоа што иако во Законот стои дека секој граѓанин има право да избира лекар во овие услови тоа еве можеби не може да биде достапно поради зафатеност на одредените луѓе кои што се бават со таа дејност во здравствената струка, а со дополнителна работа еве можеби ќе се овозможи една таква можност да тој пациент кој што сака да го избере

лекарот од одредената струка да го најде надвор од работното време, односно во дополнителната работа. Сигурно дека во тој дел нема да се зголемуваат трошоците од здравственото осигурување затоа што амандманот нуди дека оваа дополнителна работа односно услугата која ќе ја врши здравствениот работник на одредено граѓанско лице на кое што бара да му се врши таа услуга ќе го плати со свои средства, односно во денешните услови на презафатеност можеби во услови на борба за бизнис и профит одредени луѓе во своето работно време можеби не ќе можат да си побараат таква здравствена заштита, а овде се дава можност да таа здравствена заштита ја најдат надвор од работното време кај одредени луѓе во дополнителната дејност.

Тие беа размислувањата на комисијата, и го поднесоа овој амандман. Мислам дека Собранието е само да цени и да види која е полезноста од не прифаќањето на овој амандман. Мислам дека во самиот систем овој амандман мислам дека нема да наруши ништо во делот на досегашниот закон, ако во измените кои што сега се нудат во законот се прифати овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Арсовски.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Почитувани пратеници, во принцип прифаќам приватно, државно бидејќи секоја трансформација сега оди кон приватно и не случајно и во рамките на Уставот и во рамките на другите позитивни закони, а и од самите дискусии се гледа дека мора да настанат одредени трансформации во здравството, бидејќи господинот Митевски како добар стручњак тој уште во конципирање на самиот закон за трансформација

на капиталот кажа во член 1 треба да се внесе и одредба со која треба да се предвиди трансформација на здравството

Меѓутоа, овде содржината на самиот амандман носи одредени дилеми, технички дилеми околу неговото реализирање бидејќи зборуваме дека приватизација во просториите на државно здравство, во сопствени простории и т.н. Се подразбира ако се обезбедува приватна здравствена услуга во одредена организација, се прашувам технички дали може да се реализира таа задача, од аспект на поделба на она што претставува составен дел во извршување на одредена услуга. Замислете еден хирург да треба после осум часа работно време да ги користи просториите на хируршко одделение во одредена болница. На кој начин ќе се изорганизира таа работа и на кој начин ќе се издвои неговото учество во тој дел. Така да кај мене овој амандман создава одредени дилеми и проблеми и мислам дека предлагачите подобро да го образложат и тој дел да го повлечат Меѓутоа, вториот дел на амандманот она што значи приватна услуга во просториите надвор од државно здравство, мислам дека стои можност тоа на некој начин да се концепира, бидејќи еве таа трансформација оди и на крајот на краиштата ќе дојде до израз она експертно здравство, да кажам најспособните ќе можат да отвораа такви амбуланти, а за нас граѓаните ќе бидат достојно заради тоа што можеби ние ќе одлучуваме во овој момент дали ние ќе користиме државно или приватно за да добиеме едена повратна услуга. Така да во тој дел мислам дека може.

Во светот е општо познато дека сите лекари не можат да обавуваат одредена приватна пракса. Туку се работи за највисоки стручни кадри и тие можат да организираат приватна пракса дополнителна на четири часа. Така да ние дали сме зрели во оваа ситуација овде во Македонија да го правиме тоа е прашаше што ние треба да го видиме.

Меѓутоа, останува уште една дилема, барем кај мене, дали во овие услови имаме законска можност за отворање приватна пракса. Јас го поставувам прашањето до Законодавно - правна комисија и до министерството. На пример јас имам една информација, се информирав од самиот закон дека во член 185 од Законот за претпријатија член 185-а, тоа е сојузен закон, меѓутоа, ние сеуште немаме таков закон, го прифативме тој закон, таму децидно стои дека директорите и работниците кои се вработени во медицинските институции кои обавуваат една дејност не би можеле дополнително да обавуваат иста, слична дејност, токму заради икс причини кои претходно вие сами ги наведовте. Ако не се коси овој амандман, овој закон, тогаш постојат сите услови да го прифатиме вториот амандман, а не првиот амандман на Комисијата. И во таа смисла давам таква поддршка.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор господин Манчевски.

**ЈОВАН МАНЧЕВСКИ:**

Обично не сум толку упорен, меѓутоа заради несфаќањата на одредени пратеници морам да интервенирам. Треба нешто да биде јасно сосема кога ќе треба да се гласа. Јас мислам дека сите се свесни да сега и во минатото и во иднината здравствените работници работат и ќе работат дополнително, меѓутоа, досега работеа и беа како ајдуци. Здравствениот работник не можеше да одбие да не изврши одредена дејност, меѓутоа се сомневаше дека тој прима мито, дека е корумпиран итн. Тоа што го рече колегата Бранко стои донекаде, меѓутоа, ако не се

имаат во предвид и другите работи, а овие работи мора да се имаат предвид дека здравствените работници не можат да одбијат да пружат здравствена услуга, било во кое време и каде и тие тоа го прават и ќе го прават, меѓутоа на штета на својот углед, на својата чест и на свој џеб. Затоа сакав да размислите повеќе.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Садику.

**ФЕРИД САДИКУ:**

Почитувани пратеници, почитувано претседателство, овде се изнесоа доста опстојни дискусии околу овој амандман, а јас би се осврнал на претпоследниот дискутант, господин Бранко Арсовски кој изнесе дека што би правел еден хирург. Овде не се однесува за хируршки амбуланти, односно одделенија и некои од дискутантите рекова дека тоа ќе се одреди со посебни законски прописи од страна на ресорното министерство, во случајот Министерството за здравство

Јас ќе го поддржам амандманот од истите причини кои овде моите претходници ги изнесоа, а уште би додал и тоа дека со ова би се веројатно, ако помине амандманот, веројатно би се остварило она деценискoто што во сите документи стоело дека пациентот има право да бира лекар.

Со усвојувањето на овој амандман веројатно таа интенција и таа тенденција на нашите граѓани би се остварила затоа јас лично ќе гласам за амандманот. Уште би додал дека многу попрецизно односно ќе го поддржам со двете раце вториот амандман кој е пред- ложен од двајца пратеници од д-р Гулистена Јумеровска и Гоце Андоновски каде попрецизно е тоа изнесено, мислам здравствената дејност да се врши во приватните ординации.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Гоце Андоновски.

**ГОЦЕ АНДОНОВСКИ:**

Јас немам да давам поширока елаборација, зошто на претходната седница во начелната обработка на овие документи кажав во врска со ова прашање, меѓутоа во врска со она што го покрена пратеникот Бранко Арсовски да кажам вака. Со законот за работни односи член 25 "работи кои во една или повеќе организации или кај еден или повеќе работодавци остварува полно работно време може да работи уште во една организација, односно кај друг работодавец една третина од полното работно време". Што ќе рече ова не е во спротивно со Законот за работни односи во врска со тоа со Законот за работни односи.

А во врска со законот за самостојно вршење на дејност ставот на Уставниот суд е следниот: "со Законот за самостојно вршење на дејност допушта без никакви ограничувања дополнително вршење на дејност од страна на лице што е во редовен работен однос". Исто така законите што се од областа на работните односи допуштаат вршење на дополнителна работа кај уште една организација кај работодавец до една третина од полното работно време. Тоа значи јас, колку што сме ние информирани, со законот за работни односи, со Законот за вршење на дејност, со личен труд ова е допуштено, и уставно не се коси ниту со уставните определби

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Бојковски.

**ГОРГИ БОЈКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, однапред кажувам дека ќе гласам против тој амандман од следните причини: Сметам дека сеуште не е созреано време за дополнителна работа затоа што сакаме да го трансформираме

општеството, од друга страна сакаме да ги задржиме позициите што досега ги имавме во општеството што изминува.

Основно сметам дека неспособноста за внатрешното преструктуирање и рационализација во здравствените работни организации каде што ќе се плаќа према вложениот труд а не како што се плаќа сега и како ќе се плаќа да се плаќа креативноста на вложениот труд, сакаме да ја надокнадиме преку оваа дополнителна работа.

Второ сметам дека ќе направиме голема неправда према лекарите што досега отворија приватни ординации, сметам дека е ова спротивно на пазарното стопанисување бидејќи ако сака некој да работи дополнително во Законот за работни односи може да работи дополнително 12 часа, не мора да работи 8+4 колку што се дозволува.

Особено сметам дека ќе се создаде поголем неред во работните организации т.е. здравствени институции затоа што сега таму се работи во смени, кога ќе работат овие што ќе работат прековремен и во кои простории.

Исто така сметам дека немерењето на сегашното работно време ако еден лекар, ова е малку грубо речено, прегледа еден пациент за осум часа дали има морално право да работи после ручек, а тој исти лекар прима^ ист личен доход колку лекар што ќе прегледа 4 0 пациенти. (еден од пратениците му се обраќа на пратеникот Гоце со зборовите: "Гоце ти рече што имаше да кажеш"). Особено паралели што ги поставуваат некои пратеници лекари сметам дека се некоректно дека ние другите не разбираме, затоа што и на нас не ни е допуштено да работиме продолжено работно време со механизација на нашите организации па да го делиме доходот со својата организација. Тоа така некако би дошло исто и со продолженото работно време на лекарите во ординациите во кои сега работат.

III/1 CC/лј

**ГОРГИ БОЈКОВСКИ :** (продолжение)

Сметам дека ќе има многу неправилности и околу одобрувањето на тоа кој се ќе работи, дали сите лекари ќе работат продолжена работа? Кој е тој што ќе одобри кој лекар може да работи продолжено.

Сметам дека овие неразјаснети дилеми не ми даваат за право во овој момент да гласам за овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Фаик Абди.

**ФАИК АБДИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, овој амандман предизвика една бурна реакција кај граѓанството а и меѓу нас овде. Меѓутоа, мора да признаеме една работа, ние овде многу често разговараме за сива економија, разговараме за одредени неправилности уште од 1944 година па наваму, како да на едно работно мето наместо 5 работат 8 луѓе, па четворица работат а четворица спијат да можат да работат таму на нивите и незнам уште кои други шмеќерлаци. Да не се залажуваме. Отсекогаш, па и сега веќе имаме сива економија. Односно, има еден поголем број лекари, специјалисти кои работат за пари. И во куќа и надвор од куќа итн. Зошто тоа да не го легализираме. Мислам дека е време да го легализираме и да не се плаши9ме од тоа бидејќи има тука и една работа која на народот мора да му ја кажеме многу јасно. Од една страна тие што се со мали прим мали плати, да речам сиромаштијата ќе оди по болниците ќе оди по амбулантите, ќе чека на ред, а од друга страна тие што се малку попарајлии ќе одат приватно и ќе платат. За тоа ќе имаат по друг однос и од помошниот персонал и од лекарите, од стручњаците. Но, тие наши добри стручњаци да си вложат свој труд, свои средства а не во амбулантите и болниците таму да работат, туку да се знае дека учествуваат со свои средства и да се озакони приватната пракса, бидејќи та веќе постои, не од сега, туку одамна. Да не замижуваме и да не се правиме дека ништо не знаеме. Се

е познато. Поради тоа треба да се легализира. Затоа сум за тој амандман. Но, не во амбуланти и болници туку одделно. Нека вложат средства па нека работат. Тоа е моето.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Митевски.

**ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ:**

Почитувани пратеници повторно се јавувам само да објаснам неколку работи.

Прво, за мене е несфатливо оваа дилема пратеникот Бојковски што ја кажа, меѓутоа не би се согласил со него дека лекари што веќе работат приватна пракса дека ги ставаме во подредена положба ако го усвоиме овој амандман и ако дозволиме дополнителна работа.

Јас убаво кажав, критериумите ќе ги пропише министерството за здравство. Ако во тие критериуми, лекар што ќе се занимава со дополнителна пракса мора да има работни простории, значи амбуланта што се слични или малтане исти со оние критериуми за отворање приватна амбуланта и ако техничката опременост треба да биде иста како и при отворање на приватна пракса, самиот лекар оној што ќе се занимава со дополнителна дејност ќе се праша самиот себе си колку му се исплатува да работи само четири часа попладне кога вложил лични средства за обезбедување работен простор, значи простор само за дополнителна дејност, исти средства вложил и иста опременост, а ќе работи само четири часа. според тоа, не се во подредена положба лекарите кои веќе работат во свои приватни амбуланти.

Второ, се постави прашање кој ќе се занимава со приватна пракса? Уставно на чело е дека сите имаат право да се занимаваат, но набрзо ќе дојдеме до стручно раслојување, значи само кај квалитетни лекари,

значи само кај квалитетни лекари ќе се оди попладне затоа што пациентот со лични средства ќе плаќа кај него. Ќе оди кај лекар кој е квалитетен, кој мисли дека ќе му пружи квалитетна и адекватна здравствена заштита. Според тоа, тука нема никаква дилема.

За мене е поприфатлив вториот амандман на Гулистана Јумеровска и Гоце Андновски затоа што тие оставаат само треба можност, значи да се работи во сопствена амбуланта за дополнителна работа. А, критериумите министерството ќе ги препише.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Реплика бара господин Бојковски.

**ГОРГИ БОЈКОВСКИ:**

Мислам дека колегата Митевски погрешно мене ме сфати. И сега сметам дека лекарите што веќе отвориле приватна пракса ќе бидат во подредена положба. Ако лекарите што сакаат да работат продолжат да работат во продолжено работно време, ги опремат амбулантите онака како што ги опремиле, па зошто не си отидат во приватно. Значи немаа храброст и секаат прво да видат дали. ќе можат да работат после работа а ваму да го задржи, ако не му оди работата ќе се врати на работнотс место.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Алиу.

**ЕШТРЕФ АЛИУ:**

Почитуван претседателе дами и господа пратеници. Мислам оваа мала врева на моето излегување е оправдана. Свесен сум дека не можам да бидам корисен во оваа расправа и излегов да кажам две раб оти. Традиционално сите ние сме наклонети кон лекарите и кон таа професија. Тоа си има свое зошто и не треба тука да се образложува.

Што е потребно и зошто излегов на говорница?

III/4.-

Имам впечаток дека моите почитувани пратеници лекари недоволно се залагаат кога е во прашање првобитната работа, а тоа е за што подобра позиција на здравството во ова општество. Тука, чинам, се вршат напори да се користи еден пројавен вакум за подобрување на сопствената позиција, што мислам дека не е далекувидна проценка.

Сум и би се залагал крајно за првото, за обезбедување на што подобра позиција на здравството.

И трето, склон сум да верувам во ставот на министерството, бидејќи начелно е човек од таа професија и со долгогодишна традиција во таа професија. Затоа, во овој момент мислам дека ова барање во едни подобри услови би било сосема оправдано и сосема прифатливо. Друго нема што да кажам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Андоновски.

**ГОЦЕ АНДОНОВСКИ:**

Мислам дека прво, прашањето треба да се постави од правен аспект. Дали ние како една општествена структура имаме право на дополнителна работа или не. Ова е сепак највисок дом и од тој аспект мислам дека прашањето е чисто.

Второто прашање што треба интересот на ова граѓанско дала го задоволуваме? Точно спротивно од тоа што го мислеше претходниот дискутант, мислам дека баш обратно. На овој начин ќе се овозможи, повторувам, сите граѓани да имаат право да изберат лекар. Тоа е битната придобивка и вредност што треба да се добие со ваквата конструкција на системот на здравствената заштита. Тоа е за мене многу битно и тоа е работа што како економска вредност се добива тоа што е битно за мене, затоа што има некои граѓани кои сакаат да користат приватно да одат. Други ако сакаат нека користат државно. Значи постојат сите форми.

И на крајот на краиштата основното што и н а претходната седница дискутирав, се обезбедува еден континуитет на здравствената заштита.

Некој ако смета дека ова ќе му попречи на приватниот сектор, мислам дека тоа нема значење. Приватниот сектор работи 8 часови а овој работи три часа. Во прашаше е да се зачува кадарот каков таков. Имаме полно професори што сега се недостапни. Токму е таа цел тој професорски кадар да го искористиме како таков.

Јас кога спомнав, токму тоа се случи во Бугарија, полно професори напуштија здравствени организации и направија приватни. Не сакам да се случи таква пракса во услови кога навистина, здравството е лимитирано и нема најадекватни услови за работа.

И, друго да ви кажам, оваа пракса не е само кај нас. Не правиме некоја новина. Можете да прашате, во Шведска е исто, во Германија исто. На сограѓанин, бивши од Хрватска, Звонко Крајслер, работи во државна болница во Америка а истовремено има и приватна ординација. Според тоа не се коси ова со ништо што е Европска и Светска норма.

(Со седницата продолжи да работи потпретседателот Мурати)

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор господин Мицевски.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Почитувано претседателство, дами и господа пратеници, од оваа говорница сакам да кажам неколку работи не во врска со стручна медицинска дејност, туку една логична мисла со која што многу сме скокотливи на промените, уставните одредби за одење кон приватизацијата и другите работа, така што на сите дејности им овозможуваме приватност а во медицината сакаме само една категорија, да го оспориме тоа право да вршат приватна дејност.

III/6.-

Сите знаеме дека веќе во многу дејности се обавува приватната пракса. Во трговијата, во занаетчиството, работи механичар, вработен во главна работилница таму, а попладне вели дојди дома ќе ти ја попра вам колата. Дома има поголема работилница отколку што има во механичката работилница. Да не редам други. Се држат и часови. Сега овде е друго, само овде ќе треба да внимаваме на кои лица, кои лекари тоа треба да биде пропишано согласно на овој закон од Министерството за здравство, да даде прописи и начини н кој начин ќе се обавува приватната дејност. Да не се обавува во општествени простории. Ако сака тој да обавува, нека обавува во свои простории и така да биде. 1 Со тоа сметам дека нема да ги натераме нашите специјалисти лекари со ниски плати да останат во ниски амбуланти, а и да ги натераме да бегаат во странство. Со ова ќе ги натераме да останат тука заработувајќи нешто и во таа приватна ординација. Со тоа одиме чекор кон Уставот и законот што го донесовме за приватизација затоа што ќе мора веќе еднаш да почнуваме. Денес малце утре понатаму, но да се оди кон тоа. Не смееме да забрануваме една дејност а друга да биде во поволни услови.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор*господин Крстески.

**НИКОЛА КРСТЕСКИ:**

Во однос на овој амандман прво би кажал дека е скроз нејасен, неприменлив и нелогичен. Ова може, ова може, и на крај нема да знаеме крај да му најдеме. Меѓутоа, вториот амандман на Гоце Андоновски доктор, пратеник, лекар, тој прави еден компромис и една јаснотија. Може дополнителна работа но во приватна ординација. Дали ќе биде сопствена или на друг приватник, тоа е јасна одредба.

Сметам дека ова не треба да се прифати, туку да се прифати вториот кој е прецизен. Овозможува дополнителна и во тој случај и приватната дејност во здравството ќе биде рамноправна и слично. Вака во здравствена организација или во клиника, имаме редовно работно време, имаме продолжено, имаме дежурство 24-часа, па сменско работење и кога ќе се занимавате со приватната работа? Еден неук човек ќе дојде на шалтер, ќе му кажеш - а, јас само приватно работам, оти се нашол тука времено човекот. Јас само државно работам и слично.

Сметам дека во оваа фаза иако не е намената на овој систем само дополнителни средства да се одобрат за здравството, иако е спор дополнителната работа, меѓутоа вториот амандман е сосема јасен и приватната здравствена да се подига со универзитетски професори дополнително, стручно, консултативно и на крајот и да може да се определи свој лекар. Инаку, вака треба два шалтери, еден каде се плаќа а еден каде е државно.

Поради нејасност на амандманот ова не треба да се прифати.

Другиот амандман, дополнителна приватна пракса да се прифати.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор господин Трпеновски.

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:**

Господине претседателе, почитувани колеги, за да може да се постигне една политичка конвенција по ова прашање треба да ги погледнеме аргументите. Прво, законот за здравствена заштита коегзистира два легални и легитимни модели. Тоа е државно здравство н здравство.

Се поставува прашањето дали овие два модели се уставно еднакви? Приватните здравствени институции можат да работата, ако сакаат 24 часа, односно оној субјект, носител на приватната пракса

носител на приватната дејност, самиот одлучува за работното време. Може да работи помалку, може да работи повеќе часови или 24 часа во државниот сектор, работното време е лимитирано 42 часовна работна недела, оптоварена и со континуирана здравствена заштита 24 часа, дежурства, брза помош итн. Значи, се поставува прашањето дали во иста уставна категорија спаѓаат вработените во државниот сектор и вработените во приватниот сектор?

Реков дека постојната законска регулатива вработените во државниот сектор ги лимитира на 42 часовна работна недела а вработени во приватниот сектор ја имаат слободата сами да одлучуваат во функција на нивната профитабилност.

Овие два модели односно два тутулари се конкурентни меѓу себе. Приватниот и државниот. Секако дека како конкурентни се позитивни заради тоа што секој треба да егзистира врз квалитетот на услугите.

Граѓанинот е сместен меѓу овие два модели, меѓу овие два системи. Самиот одлучува каде ќе ги користи правата од здравствена заштита. Меѓутоа, ако го погледнеме здравственото осигурување, сега имаме модел на облигационо или задолжително здравствено осигурување. Облигационото здравствено осигурување или картите за осигурување што произлегуваат, од него можат рамноправно да се користат и во приватниот и во државниот сектор. За тоа одлучува самиот граѓанин, односно ја користи слободата на избор на лекар во државни институции или приватни институции.

Разликата се состои само во тоа што во приватните здравствени организации не е лимитирано работното време, не е лимитирана слободата на лекарот, додека кај државните институции е лимитирано на 42 двочасовно работна недела.

Сега, здравственото осигурување, кога граѓанинот ќе ги искористи и правата од облигационото осигурување, од задолжителното

осигурување тој нема осигурување и влегува во комерцијален сектор. Ги плаќа своите услуги приватно. Според тоа, самиот ќе одлучи дали ќе оди во приватниот сектор или ќе оди во државниот сектор , зависно од квалитетот на услугите што се укажуваат и од неговото право и слобода да го избере здравствениот работник што работи врз проблематиката на неговото здравје.

Според тоа, овде можеме сепак да констатираме дека вработедните во државните институции работат во еден сеуште реал - социјалистички модел, ограничени се на 42 часовна работна недела, за разли од приватните.

Второ, граѓаните што ги искористиле сите права од здравственото осигурување се наоѓаат во комерцијалниот сектор, услугите сами ги плаќаат и зошто да не дозволиме да има и приватни организации.

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ**:(продолжение)

Ќе има и приватни ординации на здравствени работници вработени во државниот сектор како слобода и право на истите, а граѓаните се тие кои ќе го избираат лекарот, во кој сектор сакаат. Така ќе се воспостави коегзистенција на повеќе сектори, државен, приватен, дополнителен или потполно приватен. Значи, се работи само за една политичка оценка или проценка какви ќе бидат ефектите од тоа за граѓанинот и за здравствените работници и врз тоа прашање и врз тие аргументи политичките партии во Парламентот можат да ја градат својата конвенција во овој момент.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали уште некој друг бара збор?

Има збор пратеникот Бранко Арсовски.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Само едно дополнување на дискусијата на пратеникот Трпеновски, кога зборуваше за државно - приватно здравство во однос на Законот за работни односи. Законот за работни односи е еднаков за сите и работното време во Законот е прецизирано за сите , така што за сите е најмногу 42 часа. Друго е прашањето дали ќе биде отворен дуќанот повеќе од тие 42 часа, тоа е друго прашање. Меѓутоа Законот исклучиво ги регулира тие односи, 42 часа и во државно и во приватно. Можеби и помалку, во зависност од тежината на работните задачи кои ги обавува одредено лице во одредена организација, рудници итн., значи имаат тие бенефицирано работно време, така што да нема дилема во тој дел.

**ГОРГИ БОЈКОВСКИ:**

Јас сакам да се надоврзам на дискусијата за државно- приватно здравство и избор , дали ќе биде во државно или приватно здравство да се лекуваш. Тоа може, ама кога нема да плаќаш придонес. А јас сум платил придонес и сега ќе барам приватно здравство. Значи ќе плаќам двапати здравство, не може така. Ако не плаќам придонес или плаќам само за едно загарантирано здравство, тогаш, а сега кога ми го зема придонесот преку друг закон, јас не можам да избирам или треба двапати да платам.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Молам, дали некој друг бара збор?

Има збор пратеникот Благој Тошев.

**БЛАГОЈ ТОШЕВ:**

Почитувани пратеници,. тука падна една дискусија од еден пратеник дали може рече, јас со машините од претпријатието да можам да градам куќа. Ние прво треба да ја разграничиме таа проблематика затоа што ние го донесовме Законот за трансформација. Ние до вчера, за една вечер, ги направивме газди во претпријатијата. Докторите не можеа каде да бидат газди, затоа што 45 години ние градиме болници, а тие се истите кои работат во тие болници. имаат удел тие доктори односно лекари, пардон, здравствено работници, ние тоа треба да го кажеме денес. Зошто ние го издвојуваме посебно здравството отколку другите со трансформацијата. Жалосно е тоа што Министерството не се заангажира да подготви нов закон за здравството, па ние тука да го разгледуваме тој закон  како ќе се регулира таа трансформација во

здравството. Не би се согласил со тоа затоа што лекар кој што работел 35 години на пример во една болница, не можел да го користи сега апаратот за ЕКГ итн. Зошто да не го користи? Затоа што тука јас ја гледам, односно би требало да го користи затоа што тука ја гледам и правата конкуренција. Во мојата дискусија минатиот пат се задржав на одредена проблематика, но во моментот сакам да ви обрнам внимание на нешто друго.

Бидејќи министерството има изградено норми, тоа не е веќе тајна, скоро за сите услуги во амбуланта и болница, точно се знае и уделот на лекарот, па на тој начин би се дозволило лекарот во истата болница да има право да работи како и лекарот кој работи во болница државна. Тука ја гледам и вистинската конкуренција и новиот квалитет во работењето.

Почитувани пратеници, жалам што одредени лекари ќе останат и без леб. Тука е во прашање дали јас ќе одам кај едниот хирург или ќе одам кај другиот. Ние имаме одредени категории на квалитет, а јас сум тој што ќе го изберам квалитетот. Според тоа во тоа е конкуренцијата за да може истите лекари да работат и државно и приватно, односно приватно заедно со државното, со исти норми, а воедно квалитетот тука ќе се види. Јас во тоа имам посебен амандман кој посебно ќе го бранам.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали уште некој друг бара збор?

Има збор пратеникот Ванчо Младенов.

**ВАНЧО МЛАДЕНОВ:**

Почитувани пратеници, јас мислам дека Претседателството не обезбеди услови да пристапи кон гласање по овој амандман, бидејќи беа искажани само образложенијата на предлагачите на амандманот, додека не беше соопштено мислењето на Владата, ниту министерот го даде ставот на Владата. Мислам дека тое е неопходно за да може да се пристапи кон гласање.

Кога веќе излегов сакам уште нешто да кажам. Очекував од колегите пратеници од Либералната партија да излезат на оваа говорница и да се оградат од излагањето на колегата Манчевски кој рече: "Либералната партија ќе го поддржи овој амандман". Јас мислам дека овде во Парламентот има пратенички групи, нема партии, тоа е едно, а тоа што Владата не го поддржува , таа спроведува некоја друга политика односно програма. Министерот за здравство мислам дека е од Либералната партија, не .знам .то.>-Чи.ја._прргама_спроведув.а.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор господинот Јован Манчевски.

**ЈОВАН МАНЧЕВСКИ:**

Јас се извинувам ако сум направил лапсус лингве. Меѓутоа, за тоа која програма спроведува Владата исто требаше колегата да цитира, јас реков.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор г-динот Петер Георѓиев.

**ПЕТАР ГЕОРГИЕВ:**

Почитувано Претседателство, почитувани пратеници, повикан сум на одреден начин да ја исправам грешката на претходниот дискутанти

Во секој случај, се работеше за став на Пратеничката група на Либералната партија, пратеникот Манчевски го искажа ставот на Пратеничката група, го поддржува овој амандман. Сосема накратко јас ќе укажам на некои дополнителни факти, кои стојат во прилог на тоа да се поддржи овој амандман, бидејќи досега сметам дека и во дискусијата беа искажани на одреден начин одредени сомневања во тоа како ќе се спроведе во пракса делот на реализацијата на дополнителната дејност во областа на здравството.

Сметам дека би требало да се направи една компарација како се спроведува во делот на другите дејности таа дополнителна дејност, посебно во делот на научно - истражувачките работи, посебно во областите од областа на техника, земјоделство, шумарство итн. Никој досега во дискусијата не ја поврза научно - истражувачката работа и делот на она што е пракса досега, се додека новиот закон не разграничи во делот на областа на здравството што значи професор, а што значи работник во областа на здравството. Досега професорите, покрај својата редовна дејност, сигурно и дополнително се бавеа со одредена дејност која значи и научно - истражувачка работа и обавување на професорска дејност, што значи дека со ова на одреден начин или со посебно укажување во амандманот дека Министерството ќе ги прецизира поконкретно условите во кои се обавува оваа дополнителна дејност, сметам дека би требало да биде одлучувачко во делот на прифаќањето на амандманот. Во овој момент за нас пресудно беше, можеби со непрецизирање на ваква формулација, на одреден начин да ги оневозможиме оние дејности што сега се обавуваат во областа на здравството, а се однесуваат токму во делот не на директна здравствена заштита на пациентите. Не се работи за користење на помагалата кои се во Здравствениот дом во Кавадарци, туку се работи за користеше на

помагалата во Скопје, во Институтот итн., кои на одреден начин се во функција на подобрување, односно истражување во областа на здравството и обавување на дополнителна здравствена заштита, а попрецизио сигурно Министерството ќе ги пропише тие услови.

Инаку, и Манчевски укажа на тоа дека на одреден начин се разликуваме во пристапите, иако сме во коалиција со другите партии, во однос на одредени прашања и тука сметам дека не би требало оваа разлика да има некое посебно значење, туку во функција на тоа што ние се залагаме на одреден начин да се разграничи со новиот закон за здравствена заштита и оваа работа, односно да се овозможи дополнителна дејност како и во сите други дејности, а таа да се прецизира. И во областа на трговијата има дополнителна дејност, само во статутите на претпријатијата стои дека не може да се бави со таква дејност, ако е трговско претпријатие од областа на текстилот, вели дека не може да се бави со текстилна дејност, а може да се бави со прехрана, затоа што на претпријатието не му пречи таа дополнителна дејност. Оттука сметам дека заштитата ќе се направи во субјектите и субјектите сами треба да си направат своја заштита.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали уште некој друг бара збор?

Има збор министерот за здравство, Јован Тофовски.

**ЈОВАН ТОФОВСКИ:**

Почитувано Претседателство, почитувани пратеници, јас не можам а да не се изјаснам уште еднаш овде, кога писменото мислење на Владата го имам. Во мислењето пишува јасно и гласно дека Владата не

го основа тој амандман, дека тој предлог, всушност предлог на закон е и тоа што пишува во предлогот на Комисијата беше предлог на Министерството во првата фаза на обработка на законот. Дека постои дополнителна пракса, дополнителна работа во светот, постои. Многу добро ни е познато каде постои и како постои. Не е така широко не е така масовно и основна идеа која беше во предлагањето, во иницијативата и во Комората што тргна пред година и кусур, беше дека да се задржат и да се искористат максимално врвните кадри кои што ги имаме во здравството. Тоа беше едната работа, оти веќе постои појава јавното здравство да го осиромашиме со тоа што врвните кадри ќе отидат во приватни институции и ќе ги осиромашат стручно, па и на друг начин. Тоа е едната работа.

Другата работа е дека и во државата имаме инвестирано каква таква опрема, иако опремата е доста изамортизирана, сепак постои опрема која е квалитетна, и покрај тоа што е амортизирана служи и кога е во добри раце, со добри стручњаци може рационално да се користи. Мислата беше дека оваа пракса ако се дозволи на врвните стручњаци, да бидат подостапни барем за оние, тие ќе си работат свое нормално работно време, а надвор од работното време колку што можат, ден - два, по два-три часа итн., да има амбулантно- консултативна пракса да може да врши консултации оној што сака да плати, не да мора , туку тој што сака да појде кај одредена особа да може да искористи и тука таа дискриминација да се отстрани. Но факт е, ако земете во Англија, во голем број болници, во најголемите болници работат само неколку души кои имаат дополнителна пракса. Исто е и во Германија, Франција и во други места. Не е така широко поставено. Овде сега се оди на еден амандман да се дозволи амбулантно консултативна пракса само во приватни ординации. Што значи тоа? Тоа значи прво, дека нема да се

дозволи во врвните институции. Ако не се дозволи во врвните институции, постои една реална опасност, ако вака се допушти, луѓето да излезат од овие институции бидејќи тие што вредат и приватно ќе заработат. И ќе одат луѓето кај нив и колку ќе платат колку што сметаат дека е потребно. Друго дека во одредени еднински центри каде што имаме послаб кадар заради било кој причини, со дозволување на ваква дополнителна работа би се овозможило луѓето да отидат таму, да вршат одредени операции и интервенции и да бидат поштено платени за својата работа што ја вршат. Сега некои одат, ги плаќаат со дневници, со ова со она, на некој нелегален начин. Тоа беше основната идеа.

Третата и последна би била таа, вршење приватна пракса во индивидуални ординации или кај некој приватник дома. Во принцип Владата не го отфрли ова, иако ние го предлагавме како Министерство сите овие работи, но после опсежна дискусија дојде до тоа дека сепак не е созреана ситуацијата да се донесе оваа работа, со оглед на тоа дека мораме да работиме, дека здравството се наоѓа во таква состојба да мораме да наоѓаме нов закон за здравство, да излеземе со нов закон, со нови извори на финансираше и со лимитирање однос- но со ограничување на правата на осигурениците. Доста се работи на тоа, не е вистина дека Министерството не работи. Добро, секој има право да зборува што сака, но се работи многу интензивно, се консултираат стручњаци и од Светската здравствена организација и од Британското здравство и од Светската банка и мислиме дека ќе успееме да направиме нешто, не на памет да зборуваме, туку да направиме навистина еден модел кој ќе помогне да излеземе од оваа ситуација. Затоа, во определувањето , прво кога зборуваме за мислењето на Владата по ова прашање, да се изјаснам уште еднаш и да кажам дека

таа не е категорично против, туку Владата мисли дека во моментот не ги согледуваме сите последици што ќе произлезат од една ваква трансформација во овој момент. Инаку, ќе се работи на тоа и тоа сигурно ќе се воведе и треба да се воведе, но како тоа ќе се лимитира и колку, тоа е друго прашање.

Она што се заговара од оваа говорница дека Министерството ќе пропише кој ќе може да работи, многу тешко ќе биде тоа. Ако на една клиника имате 40 професори, кој е тој што ќе рече овој може да работи, овој не може да работи. Министерството може да ги пропише нормите, каква ќе биде ординацијата, опрема да има и друго, но другото во однос на квалификувањето не ќе може, ќе биде во една невозможна ситуација тоа да го донесе, така што да не очекуваме дека со некој правилник ако законот даде право дека секое здравство има право, тој има право и точка, тој може да биде ограничен со услови, ординацијата да работи, но други работи ќе немаме. Според тоа, и тоа да го имаме предвид кога ќе се одлучува.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали уште некој друг бара збор?(Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот'. за додавање нов член 13-а поднесен од Комисијата за здравство.

Кој е за, молам да крене рака?

За амандманот гласаа 42 пратеници.

Дали има некој против?

Шеснаесет пратеници гласаа против.

Дали некој се воздржува од гласањето?

Шеснаесет пратеници се воздржаа од гласање.

Молам, службите да проверат колку пратеници се присутни во салата.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Присутни во салата има 84 пратеници.

Гласале за амандманот 42.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање нов член 13-а поднесен од Комисијата за здравство.

**ДУШАН ТРПЧЕВСКИ:**

Се сомневам, поготово во броееето а и мислам дека не е досега пракса таква кога некој амандман треба да се усвои н на крајот на краиштата да се избројуваат колку се присутни пратеници. Мислам дека тука има и нешто една доза на недоверба од овој амандман. Според тоа, барам поединечно изјаснување и имам доволен број на поддржувачи.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има 10 пратеници кои го поддржуваат?

**ДУШАН ТРПЧЕВСКИ:**

Има.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Го молам секретарот да ги прочита поединечно пратениците.

**ИГОР СПИРОВСКИ:**

Го чита списокот на пратеници:

ПРИЛОГ:

V/2

| | |
|---|---|
| 1. ФАИК АБДИ | за |
| 2. ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА | против |
| 3. ЕШРЕФ АЛИЈУ | против |
| 4. ХАМИТ АЛИУ | против |
| 5. МИТКО АНАСТАСОВСКИ | за |
| 6. СТОЈАН АНДОВ | не е тука |
| 7. ТИМЕ АНДОНОВ | не е тука |
| 8. ГОЦЕ АНДОНОВСКИ | за |
| 9. НИКОЛА АПОСТОЛОСКИ | не е тука |
| 10. ЛАМБЕ АРНАУДОВ | за |
| 11. ДРАГИ АРСОВ | за |
| 12. БРАНКО АРСОВСКИ | против |
| 13. ДУШКО АРСОВСКИ | не е тука |
| 14. ГОРГИ БОЈКОВСКИ | против |
| 15. ЈОРДАН БОШКОВ | не е тука |
| 16. ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ | за |
| 17. АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ | против |
| 18. ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ | не е тука |
| 19. ПЕТАР ГОШЕВ | за |
| 20. ДРАГИ ГОЗДАНОВСКИ | не е тука |
| 21. САНДЕ ДДВЧЕВ | за |
| 22. РАТКА ДИМИТРОВА | за |
| 23. ДИМИТАР ДИМИТРОВСКИ | воздржан |
| 24. ТОДОР ДИМОВ | за |
| 25. ДОСТА ДИМОВСКА | за |
| 26. БОРКО ГОРЧЕСКИ | не е тука |
| 27. ДУШКО ГОРГЕСКИ | против |
| 28. ПЕТАР ГОРГИЕВ | за |
| 29. ЗУДИ ЕМИНИ | воздржан |
| 30. ЈОРДАН ЗАФИРОВ | не е тука |

V/3

| | |
|---|---|
| 31. ГОРАН ЗАФИРОВСКИ | за |
| 32. НАСЕР ЗИВЕРИ | не е тука |
| 33. ВАСИЛ ЗИМБАКОВ | не е тука |
| 34. ВАНЧО ЗЛАТАНОВ | против |
| 35. БОРИС ЗМЕЈКОВСКИ | за |
| 36. ИВАН ИВАНОВ | не е тука |
| 37. ЉУБОСАВ ИВАНОВ | не е тука |
| 38. ЈАКИМ ИВАНОВСКИ | за |
| 39. СИМЕОН ИВАНОВСКИ | против |
| 40. ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ | не е тука |
| 41 РИСТО ЈОВАНОВ | воздржан |
| 42. ЦВЕТАН ЈОВЧЕСКИ | не е тука |
| 43. РИСТО ЌЕЛЕШОВ | не е тука |
| 44. ТАШКО КИРОВ | воздржан |
| 45. ЗОРАН КИТЕВ | за |
| 46. КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ | за |
| 47. СТОЈАН КОВАЧЕСКИ | за |
| 48. ГОРГИ КОТЕВСКИ | за |
| 49. ЗОРАН КРСТЕВСКИ | не е тука |
| 50. НИКОЛА КРСТЕВСКИ | воздржан |
| 51. БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА | воздржан |
| 52. ВЕЦКО ЛИЧОСКИ | воздржан |
| 53. КОЛЕ ЛУЛОВСКИ | воздржан |
| 54. ЕФТИМ МАНЕВ | воздржан |
| 55. ЈОВАН МАНЧЕВСКИ | за |
| 56. ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА | не е тука |
| 57. ФЛОРЕ МАСАЛКОВСКИ | не е тука |
| 58. МАРИН МИЛЕНКОВСКИ | против |
| 59. СТРАШО МИЛКОВСКИ | не е тука |
| 60. ПАНЧО МИНОВ | за |
| 61. ВЛАДИМИР МИТЕВСЌИ | за |
| 62. ТРАЈАН МИЦЕВСКИ | за |
| 63. ВАНЧО МЛАДЕНОВ | против |
| 64. ЏЕЛАДИН МУРАТИ | воздржан |
| 65. АВДИ МУРТЕЗАНИ | против |

V/4

| | |
|---|---|
| 66. НАИФ МУСТАФА | |
| 67. ПАНЧЕ НАСЕВ | не е тука |
| 68. СЛАВЕ НАУМОВСКИ | не е тука |
| 69. СИМОН НАУМОСКИ | за |
| 70. БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ | не е тука |
| 71. JОВАН НИКОЛОВ | за |
| 72. ДУШАН НИКОЛОВСКИ | воздржан |
| 73. МИХАИЛ ПАНОВСКИ | за |
| 74. ТОДОСИЈА ПАУНОВ | за |
| 75. ТИТО ПЕТКОВСКИ | против |
| 76. ТОДОР ПЕТРОВ | за |
| 77. ТОМИСЛАВ ПЕЦАКОВ | за |
| 78. МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ | воздржан |
| 79. ДИМИТАР ПОПОВСКИ | не е тука |
| 80. КИРО ПОПОВСКИ | против |
| 81. ЉУБОМИР ПОПОВСКИ | против |
| 82. НИКОЛА ПОПОВСКИ | против |
| 83. ШАБАН ПРЕВАЛА | не е тука |
| 84. БОЖО РАЈЧЕВСКИ | не е тука |
| 85. ИСМЕТ РАМАДАНИ | воздржан |
| 86. ИВАН РАМБАБОВ | за |
| 87. ШУКРИ РАХИМИ | воздржан |
| 88. ФЕРИД САДИКУ | за |
| 89. НЕИМ СЕЛМАНИ | воздржан |
| 90. НАУМ СИМЈАНОВСКИ | воздржан |
| 91. АЦО СПИРОВСКИ | за |
| 92. РИСТО СТАМЕНОВ | не е тука |
| 93. РИСТО СТАНКОВСКИ | против |
| 94. ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ | за |
| 95. СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА | воздржан |
| 96. НАЌЕ СТОЈАНОВСЌИ | воздржан |
| 97. НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ | за |
| 98. ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ | за |
| 99. СТОИЛЕ СТОЈКОВ | не е тука |
| 100. ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ | воздржан |
| 101. ЏЕЛИЛ ТАИРИ | воздржан |

V/5

| | |
|---|---|
| 102 ГОЦЕ ТЕМЕЛКОВСКИ | за |
| 103. ПЕТАР ТЕМЕЛКОВСКИ | за |
| 104 БЛАГОЈ ТОШЕВ | за |
| 105. ПЕТРЕ ТРАЈАНОСКИ | против |
| 106. ПЕТРЕ ТРАЈКОСКИ | не е тука |
| 107. ДИМИТАР ТРПЕВОСКН | за |
| 108. ДУШАН ТРПЧЕВСКИ | за |
| 109. АГИМ ФАЗЛИУ | против |
| 110. АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ | за |
| 111. МУХАМЕД ХАЛИЛИ | не е тука |
| 112. АБДУРАХМАН ХАЛИТИ | воздржан |
| 113. БЛАГОЈ ХАНЦИСКИ | не е тука |
| 114. СЕЈФЕДИН ХАРУНИ | воздржан |
| 115. СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ | за |
| 116. НЕЏАТИ ЏАФЕРИ | воздржан |
| 117. АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ | не е тука |
| 118. ВЕБИ ЏЕМАИЛИ | против |
| 119. БЛАГОЈА ЧКАТРОСКИ | не е тука |
| 120. ХИСНИ ШАКИРИ | воздржан |

V/5

(Се врши пребројување на гласовите).

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Вкупно гласале 82 пратеници од кои 43 за, 16 против и 23 воздржани.

Констатирам дека Собранието го усвои амандманот за додавање нов член 13-а поднесен од Комисијата за здравство.

Отворам претрес по амандманот за внесување на нов член 13-а поднесен од пратеникот Благој Тошев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Молам да се повикаат и пратениците и претставник на Владата во салата.

(По кратка пауза се продолжи со работа). Молам, продолжуваме со работа.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по амандманот за внесување на нов член 13-а поднесен од пратеникот Благој Тошев.

**ЈОВАН ТОФОВСКИ:**

Овој амандман не би го прифатиле сега, додека не извршиме трансформација во здравството што треба да биде во врска со концесиите. Во здравството ќе биде направено јавните установи да се дефинираат дел од тоа што не ќе биде, тогаш нормално ќе влезе, но не во оваа фаза.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор?

Господин Благој Тошев.

V/7

**БЛАГОЈ ТОШЕВ:**

Бидејќи дел од амандманот е прифатен што е доставен од Комисијата за здравство, кај мене е малку попроширен. Велам дека здравствена дејност може да се врши со личен труд како редовна приватна дејност во истоимените јавни здравствени установи, во која се врши и државна дејност под еднакви услови пропишани со закон. Она што пред малку го произнесов дека, бидејќи Министерството има изградено норми з скоро сите услуги во амбуланта н болница, тоа што се знае и уделот на лекарот, а на тој начин би се дозволило лекарот во истата болница да има право да работи како лекарот кој работи во болница државно.

Во однос на образложението, би сакал да нагласам дека овој амандман го поднесувам, бидејќи сметам дека со економско - политичките промени, неопходна е и приватизација и во здравството, како што направивме приватизација во стопанството. Но, за разлика од тоа се јавува еден парадокс, со демократизацијата настана централизација во здравството, односно обратен процес во однос на стопанството. Се делат плати на вработените по некои државни законски норми а недостатокот е очигледен, никакви стимулативни мерки за работа, а да не зборуваме и за некаква креативност во здравството. Денес, почитувани пратеници, сведоци сме како Фондот за здравство на Република Македонија е во огромен недостаток на средствата и постои опасност од негово потполно распаѓање. Бидејќи приливот на средства е се помал и помал, а материјалните трошоци на установите и .платите на вработените се во голем расчекор и без рационализација, престројување и помош од буџетот на Републиката. А воедно сметам дека истиот ќе се распадне. Од овие причини го предлагам горесспоменатиот амандман со цел за подобрување на здравствената заштита во Република Македонија, а тоа е воведување на конкуренција во пружањето на здравствената заштита.

Сметам дека со досегашната поставеност конкуренција во нашиот здравствен систем во мала мера беше изразена. Но, единствена конкуренција може да биде створена со добро развиено само приватно здравство.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор,го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (Пратениците креваат рака).

20 пратеници гласаа за амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за внесување на нов член 13-а поднесен од пратеникот Благој Тошев.

Во меѓувреме пратениците Гулистана Марковска и Гоце Андоновски поднесоа амандман за внесуваше на нов член 13-а по кој Владата не е произнесена.

Отворам претрес по амандманот.

Предлагачот ако го повлекува амандманот, молам нека се произнесе.

Господин Гоце Андоновски.

**ГОЦЕ АНДОНОВСКИ:**

Го повлекувам мојот амандман, со оглед дека тој е инкорпорира] овој е поширок во претходниот амандман.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Според тоа, немаме расправа по амандманот.

Имаме предлог - амандман од предлагачот Ферид Садику за кој се расправаше пред малку.

Отворам претрес по амандманот на член 12 во новиот член 76-а, по точка 3 да се додава нова точка 3-а, која гласи:

"Корисниците на основните права според законот за социјалната заштита".

Молам, да се произнесе Владата по поднесениот амандман. Господинот Тофовски, министер за здравство.

**ЈОВАН ТОФОВСКИ:**

Не може да го прифатиме овој амандман, затоа што здравството не е социјала. Хуманитарните аспекти на Предлогот ги сфаќаме и сите ние сме за тоа, но здравството не може да работи без средства. Според тоа еден ваков амандман треба во законот да биде во законот за социјал На тие што се социјални случаи од други средства да се финансира и да се помогне. Здравството без пари не може да работи. Зашто сите ослободувања што ги предлагаме тука се и онака на скромните средства. Затоа не го прифаќаме амандманот.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Ние прифативме многу нелогични работи, ја оптоваривме и државата и народот. Сега кога се работи за една маргинална група. крајно маргинална група викаме сега државата ќе пропадне. Се работи за материјално необезбедени, работно неспособни, без материјални средства, а се корисници на основни права: постојана парична помош, сместување во друго семејство и да не ги набројувам дека се тука лица без родители и родителска грижа, лица со психофизички недостатоци од најтежок степен на инвалидност, стари итн. макар што старите лица се прифатени во тој дел. И сега, замислете тие лица ќе партиципираат во услугите на здравствена заштита. Каков парадокс? Ова што министерот го зборува, тука се две работи. Да ги расчистиме двете работи. Паушално учество на социјалната заштита и Министерство за труд и социјална политика во рамките на здравствена заштита се учествува и партиципира комплетно. Овде се работи за 20% она што треба да учествува во партиципација на услугите. Така што да не ги мешаме овие, едните и другите работи. Лично го поддржувам овој амандман бидејќи се работи за најмаргинална категорија на граѓани и апсурд е ако ние присутните пратеници не ги ослободиме баш тие кои имаат најмали средства, заради тоа што тие заради одредени критериуми, под одредени критериуми ги користат овие пари. Така што го молам министерот овде да го прифати амандманот бидејќи има длабок материјален аспект.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (44 пратеници)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (7)

Да се преброиме бидејќи сметаме дека недоволно гласале пратеници.

Ги молам службите да ги пребројат присутните пратеници. Во салата се присутни 63 пратеници.

Констатирам дека Собранието го усвои амандманот за внесување на нова точка 3-а која гласи: "Корисниците на основните права според законот за социјалната заштита".

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот Има процедурална забелешка господинот Тито Петковски.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, бидејќи според мое мислење прифатен е еден амандман кој во овој момент практично е неприменлив, неспроведлив, во името на пратеничката група барам пауза од 15 минути пред да се помине на гласањето по Законот.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Објавувам пауза од 15 минути.

(Пауза од 12,35 часот до 15,15 часот).

(По паузата)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Владата на Република Македонија поднесе амандман за бришење на член 13-а и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот. Амандманот ви го поделија.

Ве известувам дека амандман поднесе во меѓувреме пратеникот Гоце Андоновски.

Амандманот гласи: "По член 13 се внесува нов член 13-а кој гласи: Член 13-а, членот 127 се менува и гласи:Амбулантно- поликлиничка и консултативна дејност може да врши здравствен работник со личен труд како дополнителна дејност во приватна ординација под услови што ќе ги пропише Министерството за здравство. Услугите за дополнителната дејност ги плаќа граѓанинот со лични средства" Амандманот ви е поделен. Владата не се произнела.

Ве известувам дека со иста содржина амандман поднесе и пратеникот Владимир Митевски.

**ЈОВАН ТОФОВСКИ:**

Предлагам законот во оваа фаза да го одложиме за извесно време за да Владата направи дополнителни консултации, па потоа да го ставиме на разгледување.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи ќе ја прекинеме расправата по овој закон. Минуваме на точката 36 - Предлог за донесуваше на закон за дополнуваше на Законот за угостителска и туристичка дејност со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот извештајот на Комисијата за стопанство, известувањето на ЗПК и мислењето на Владата ви се доставени односно поделени.

Комисијата за стопанство оценува дека нема потреба од донесување на овој закон бидејќи законот со кој се регулира вршењето на угостителската и туристичката дејност неколку пати е изменуван и дополнуван заради што е потребно целосно уредување на ова прашање во еден закон.

Владата на Република Македонија веќе достави до Собранието Предлог за донесување на закон за угостителска и туристичка дејност

во кој се вградени решенијата од текстот на законот поднесен од пратеникот Ратка Димитрова.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

**РАТКА ДИМИТРОВА:**

Почитувани пратеници, дополнувањето на Законот за угостителска и туристичка дејност кој го предлагам ги содржи истите елементи како и владиниот закон за угостителство кој е веќе доставен до вас. Бидејќи тој ја одредува целата угостителска и туристичка дејност даден е во редовна постапка , значи во три фази. Ќе поминат месеци додека тој се донесе. Во мојот предлог за дополнување земам три суштински елементи од Законот на Владата. Прво, ограничување на ноќната работа на угостителските објекти. Второ, забрана за служење на алкохолни пијалаци од 7 до 10 часот наутро. Трето, забрана за служење алкохол на лица помлади од 18 години. Засега имаме донесено само одредба со која што се забранува престој во угостителските локали на лица под 18 години по полноќ. Тоа е содржано во законот за јавен ред и мир. Додека закон за не служеше на алкохолни пијалоци на лица помлади од 18 години немаме донесено. Таков сега за сега не постои. Дозволете накратко да образложам за состојбите во оваа област и за целта што се сака да се постигне со овој предлог.

Менталните и психофизички способности на младите генерации се повеќе се нарушуваат и се доведуваат во прашање нивните егзистенцијални способности заради еден манир што подолго време е присутен кај нас, а тоа е долготраен ноќен живот. Ваквиот манир што е пласиран од пред неколку години наназад и е потхрануван од поголемиот дел на сопствениците на угостителските објекти скриени зад своите ситни интереси младите генерации во отсуство на друг вид забава го прифаќаат на своја штета. Така се одомаќини живеењето во полноќните

часови во угостителските објекти со интензивна консумација на алкохол и разни опојни средства со што биоритмот на младите е целосно пореметен. Дневното живеење е заменето со ноќно со што се нарушени природните потреби за ноќен сон и биоритмот на организмот. Тоа доведува до нарушување на здравјето на младите зголемување на негативните појави во општеството, пораст на криминалот, алкохолизмот, наркоманијата и проституцијата.

Предложениве законски елементи ќе можат да го дадат својот вистински ефект само со дополнување со проекти за превенција и проекти за стимулирање на конструктивно и креативно дејствување на младината. Ова се очекува од Педагошкиот завод, педагошките институти и специјалистите задолжени за оваа област. Сите овие елементи заедно ќе донесат вистински резултати. Но, овој што денеска го предлагаме е првиот. Искуствата што се применуваат на запад во однос на економскиот развој, а кон кој и ние стремиме би требало да ги прошириме и со сознанијата за оваа сфера, т.е. да се обидеме користите на цивилизациското однесување да ги инкорпорираме во нашето општество и на овој план. Поучен е примерот на европските земји. Во најголеми европски метрополи сите угостителски објекти се затвораат во 23,00 часот, а нивната работа е условена со механизми за херметичко затворање на звукот внатре во рамките на локалот. Местата за ноќен живот се малку и недостапни за младите бидејќи се многу скапи. Од оваа перспектива си го замислуваме запад како место со висок стандард и секакви слободи и уживања. Заборавамe дека за да изгледа Европа како што изгледа потребен е голем труд, дисциплина и планомерност во живеењето. Мислам дека е рано да предничиме пред Европа со слобода во законите, најпрво да ја стигнеме. Бидејќи самите немаат прецизни прописи каде и под кои услови може да се товори угостителски објект,тие

се повеќе во станбени згради или до нив и со бучавата, со валкањето и собирањето на секакви личности се штетни не само за младината, туку и по целокупната екологија на семејното живеење Бидејќи до нас до Собранието доаѓаат многу писма на родители на граѓани кои што се жалат во врска со овие угостителски објекти кои што се во самите згради или до нив во кои што имаме многу тешки зборови како што е "легален терор", "вапај за мир, за човечко живеење во сопствен стан" итн. Ќе ви прочитам неколку реченици од едно од тие писма кое што е едно од најумерените да речам, од еден брачен пар од Скопје. Тие викаат: "Живееме на улица "Ленинова" број 79 Скопје во приватна куќа. На првиот кат во приземјето под нас се локалите ресторанот "Барон" и кафе бар "Лорд екстра", а над нас на вториот кат е хотел "Лаки" кој е се само не хотел. Сите овие објекти ги користи Угриновски Слободан. Секојдневно сме изложени на несносслива галама од гостите, музиката и непријатни миризби до касните вечерни часови." Кажуваат дека се жалеле"на многу места итн. Тоа е само еден пример за поконкретно запознаван со материјата и со проблемот. Инаку ваквите ограничувања не се спротивни на член 55 од Уставот на Република Македонија со кој се гарантира слобода на пазарот и претприемништвото, бидејќи согласно став 3 на овој член тие слободи можат да бидат ограничени со закон единствено заради одбрана на Републиката, зачувaување на природата и животната средина и заради здравјето на луѓето. Со овој предлог-измена изземени се објектите за сместување: хотели, мотели, пансиони, туристички населби, ноќевалишта, одмаралишта и кампови. Тие можат да работат секој ден и празници, денови на викенд и тоа без прекин деноноќно. Во консултација со Владата до која што по најавата на овој закон стигнуваа реагирања од Охрид и од Струга, јас додадов амандман

на мојот предлог закон после кој што веќе Владата не се има состанувано по овој повод. Имено по исклучок во месеците јули и август во туристичките места Владата може да донесе и други одредби од пропишаните во членовите 14-а и 14-б.

Да заклучам нашите деца и ова лето ќе ги утврдуваат лошите навики, а навиките како што велат словенците се железна кошула особено ако е стекната во млади години. Во поткрепа на овој став се повикувам на голем број специјалисти од оваа област кои што се искажаа низ печатот овие денови и го издвојувам податокот од страна на Клиниката за токсикологија во кои што стои дека од сите акутни труења со алкохол 30% отпаѓаат на млади од 15 до 18 години. И тој процент од ден на ден рапидно се зголемува. По зборовите на стручњак од оваа област младите живеат во атмосфера на ерозија на вредности и шанкот и опијанувањето го чувствуваат како неопходен украс за својот стил за својот имиџ. По неговите зборови дадени во поддршка на овој закон ние пратениците донесувајќи го овој закон ќе им помогнеме на младите да најдат оправдуваше за одбивање на алкохолот.

Уште еднаш повторувам дека овие елементи што јас ги предлагам се идентични со владиниот предлог закон.

Колеги пратеници апелирам на вашата совест да ги усвоиме овие законски одредби и да ги заштитиме младинците уште ова лето за нивна и за наша иднина.

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани колеги, мислам дека со овој закон не удираме директно по причините, туку на последиците. Според мое мислење не се кафеаните криви за тоа што младите седат и

пијуцкаат во нив целаноќ, туку криви се пред се општествено економските прилики во кои живее еден млад човек во услови на невработеност, во услови на психоза од опасности од војна, во услови на сеуште непризната држава. Таму ние треба да го усмериме нашиот удар, а не да ни претставуваат мета кафеаните и другите угостител- ски објекти како прворазредно решение. Во едни услови кога угостител ските објекти претставуваат значајаа ставка во процентот на вработувањето на младите луѓе.

VII/1 нн/вц

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:** (продолжение)

А еден дел од угостителите најголемиот обем на работа го имаат токму после 23 часот. Многу луѓе со овој закон ќе останат без работа, ќе опустошат ревитализираните трговски центри кои знаеме дека навечер се преполни. Овој закон во огромна мерка мислам дека е дискриминаторски во однос на приватната и државната сопственост. Имено се предвидува да работат хотелите, меаните, одморалиштата, со други зборови државните фирми за кои што често велевме дека услугите не им се на цивилизациско ниво. Свежо е сеќавањето кога овие во поголем број млади луѓе буквално ги молевме и ги стимулиравме да работат. Сега треба да ги спречиме во тоа. Па ние со ова кршиме едно од основните уставни начела - правото на работа. Ние на овие луѓе сакаме да им забраниме да работат. Ајде тогаш да речеме и на фабриките да ја укинат третата смена или во здравството да нема дежурство.

Ваков закон дека не се носи по итна постапка. Има голем број на луѓе кои што створиле угостителски објекти во скоро време или кои се сега во изградба и планираат да работат токму во друго работно време. Вака наеднаш тие инвестиции ќе пропаднат. Тоа се огромни инвестиции за граѓанинот, а нас сепак во прв план треба да ни биде граѓанинот и капиталот, заради тоа што тој ги решава постојните небулози а не држење на ситуацијата статус скво. Треба да се даде барем одредено време однапред заради адаптација на луѓето за ваков закон.

Сакам посебно да нагласам дека мора да постои разлика меѓу туристичките места, заради тоа што секогаш во макроекономската политика туризмот го сметаме како значајна стапка во општествениот производ. Мора да постои разлика на сезона летна или зимска.

VII/2

Мислам дека излитени претставуваат повикувањата на запад и западните системи. Прво, младиот човек на запад прима социјална помош повисока од платата на секој нас тука и од граѓаните на Република Македонија. Запад на кој што се повикуваме, јас би рекол го фотокопираме и тоа со расипан фотокопир врие од јавни куќи, од убаво организирани концерти, забави и ноќни клубови. Ако барем го заборавивме сето она во кое се колневме дека ќе развиеме едно хумано општество со слободи на луѓето во свое време велевме дека моделот на самоуправувањето е таков заради тоа што е специфичен, го вбројуваме во специфични услови, ајде сега да видиме ова што го предлагаме е токму најадекватното решение. Ако веќе сакаме да го препишуваме запад ајде да земеме еден цел збир на закони на пример од Англија и да ги гласаме во пакет и да речеме ја решивме кризата во Република Македонија. Сакам да кажам дека треба да ги согледаме специфичните услови во периодот на транзиција и така да постапуваме. Па, на луѓето да им наредиме да отворат пабови каде што може само да се дреме и да се седи а не меана. Ако во некои земји треба да се форсира индустрија, во други треба да се форсира рударството, кај нас сигурно треба да се формира земјоделието, но секогаш во сите наши одредници на угостителството сме му давале значајно место. Менталитетот на нашиот човек го познаваме. Се наоѓаме во период на транзиција и трансформација. Меѓутоа, треба да знаеме дека на граѓанинот од Македонија и песната и орото му се сеуште драги и му се прилепуваа^ за душата.

Да заклучам, јас не се согласувам овој закон да се донесе по итна постапка и сум дури за поголема либерализација во оваа сфера, а не за ограничувалки дејствија заради тоа што треба да ги респектираме

специфичните услови во периодот на транзиција на живот и развој на младата генерација.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Во прв ред ќе се задржам на извештајот на ЗПК, кои и сами гледате дека ви е поделен без содржина.

Извештајот е без содржина поради недоаѓање на предлагачот на двете покани од комисијата по овој закон да се расправа. Комисија има став оние предлагачи кои немаат свој претставник или не се јават лично пред комисијата да не се разгледуваат. ЗПК има за задача да оцени дали предложениот проект е во согласност со Уставот или со законите и дали има потреба од донесување на ваков закон. Посебно, не одлучувачки, меѓутоа укажувачки дали ќе треба овој закон да се донесе по скратена постапка. ЗПК поради отсуство на предлагачот беше лишена за овие три основи да расправа. Тоа е првиот дел.

Вториот дел за кој сакам да говорам дами и господа е предлогот да се избегне еднаш модата сите закони што се нудат без разлика дали од пратеник, или група пратеници или Владата или пак некој друг предлагач предвиден со Уставот се оддоми една вообичаена формулација поради итност и потреба за донесување на овој закон ќе се постапи по одредбите на член 316 од Деловникот за донесување по скратена постапка.

За ова не би рекол дека има место за скратена постапка затоа што со овој закон ќе треба да се укинат и ограничат стечајни права. Ние не водиме револуционерни промени со било кој закон и да ограничуваме право. Господин Трпеновски овде нешто загатна во својот говор да ние едвај научивме некои да работат, сега ќе ни текне со некој закон кој бил пред 15 години да се појави во иста варијанта и еве е нов закон. Незнам дали предлагачот водел сметка да од оваа говорница ќе имаше смелост

Република Македонија да ја прогласи за друга Боливија. Само Боливија како држава може да каже дека цвета наркоманијата. Ние не сме таква држава. Наркоманијата не може да биде причина. Одеднаш од наркоманија, таму во тие кафулиња доаѓа до некоја си бучава, па се меша однос право и техника. Правото е да се стекне да се обавува некоја дејност, а некој дали ги исполнува пропишаните услови за обавување на таква дејност и дали некој брачен пар ќе се јави - па јас не можам да поднесувам поради овие и овие причини сакам да му се ограничи правото на тој човек. Веднаш нели дава позиција на свое преголемо право. ВО секој случај ако еден сака да има посебно право према другиот бара да му се ограничи правото на другиот. Овде кога имаме рамноправност во постапката, тогаш ќе треба да бараме усогласување да не се нарушат правата на сите, а не на еден од учесниците. Понатаму, дали со овој закон не се нарушува, како што е предложено рамноправноста на учесниците на пазарот. Ако ние дозволиме да останат кафеани, ресторани, одморалишта и с. кои се во непосредна соседност, или се во другиот дел од истата зграда од каде е едно кафуле или нерегистрирана кафеана или ресторан, да тие луѓе кои претстојауваат во овие локални веднаш се преселат во другиот и таму се легитимни. Значи на едно место имаме ограничување а веднаш на другото даваме слобода.

Ова се двата основни елементи со кои јас не се согласувам и постапувам процедурално. Господа овој закон и тоа како е од големо значење ќе мораше да помине на ЗПК. Сметам дека Собранието ќе треба да даде можност прво на Комисијата овој закон да помине.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Дами и господо пратеници, многу ми е драго што доаѓа еден ваков предлог пред нас како Парламент и сакам да го поздравам овој гест на

пратеничката Ратка Димитрова да ни се понуди предлог кој што според мене во голема мерка ќе придонесе за една заштита на младината од оваа инвазија на секакви кафулиња, ресторани итн., кои што на еден многу агресивен начин го исполнуваат своето работење Многу ми е жал што од Владата нема присутен никој овде, да го чуеме и нивното мислење. Тоа е уште еден начин на кој што оваа Влада се однесува со игнорантски однос према Парламентот.

Сметам дека тука сепак требаше малку да се дообјасни во предлогот, затоа што чинам дека оние објекти што работат надвор од градовите може да им се даде поголемо време за работа, во покасните вечерни часови, додека објектите што се во централните градски подрачја, во населбите, каде што живеат граѓаните за нив навистина држи предлогот па дури може да биде и порестриктивен.

Сметам дека ние како пратеници, бидејќи е обичај да ги застапуваме ставовите од оваа говорница за кои што сме длабоко лично заинтересирани, и лично не погодуваат тоа да го надминеме и да дискутираме за интересот на граѓаните од изборните единици за поширокиот интерес. Тоа се повтори при донесувањето на Законот за приватизација, денеска имавме случај тоа да го видиме при измената на Законот за здравство, еве сега пак се повторува личните интереси на одредени пратеници да надвладуваат при нивната дискусија.

Исто така ме погоди едно писмо доставено до нас од група на граѓани од Куманово, кое што за мене од непознати причини не е дистрибуирано до сите пратеници, молам ако може сите пратеници ова писмо да го погледаат. Тоа е петиција од група на граѓани која што се има жалено за овие две години од 13 септември 1991 година најверојатно на 50 или 60 места за работата на локали во нивната зграда што навистина зачудува за односот на државата и на инспекциските

служби во државата, во заштитата на правата на обичниот граѓанин. Затоа сметам дека ние како Парламент мораме да застанеме на заштитата на правата на обичниот граѓанин и да ги изгласаме овие предлог мерки што ги понуди пратеничката Ратка Димитрова.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Образложението кое што беше дадено до предлагачот сметам дека не може да го остави рамнодушен ниту еден пратеник во македонскиот Парламент бидејќи станува збор за младата генерација, за лица помлади од 18 години. Навистина во оваа длабока криза во која што се наоѓаме мора да направиме напори младата генерација да се зашоти1 од сите оние импликации, опа и од моралното срозување во случајот и затоа сметам дека предлогот треба да биде поддржан. Тој не е спроти на интенциите за пазарната економија и приватната сопственост, како што беше искажано од некои говорници. ВО ниеден момент таквите определби не се загрозуваат. Во Предлогот на законот се зборува само за одредена категорија и сметам дека сите аргументи се на страна на овој предлог на закон, уште повеќе што ова прашање во ниеден момент не може ниту да се сврсти во сферата на идеолошкото разграничување. ќе зборува за подмладокот за младите граѓани. Најголем дел од образложението е точно. Ние сме свесни дека тие својот живот наместо дење во еден променет биоритам го обавуваат во ноќните часови. Тука и покрај противењето на давање информација за загрозувањето и од наркоманијата сепак сметам дека треба да се зборува и за тоа. Тоа е факт и мислам дека сите оние кои што денес нема да гласаат за овој закон ќе имаат чувство на сопствена оптовареност према својата совест и јавноста нема на друг начин да ги прифати освен како лицемерни во својата одлука.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам говорницата да не се употребува за испитување на туѓа совест. Само за својата секој може да зборува и да ги повикува луѓето.

Има збор господинот Анастасовски.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Дами и господа, многу интересна тема. Пред некое време на телевизија јавно слушав од органите за безбедност за ситуација во која се наоѓаме не ние големите, но малите деца. Една жалосна слика од еден началник на полицијата со точна констатација дословоно ќе ви кажам за што се зборува. Дека низ градот наш низ ова Скопје од многу локали се шири дрогата и се дава во разни пијалоци. Свесно или несвесно ние односно оние кои ги држат кафичите а се познати вели на полицијата....

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ**: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

А што презела полицијата прашањето остана затворено. Ако имав еден телефон во моментов ќе го прашав тој началник од криминалистиката, што презеде господинот да се спречи во тие локали да не се шири дрогата. Видете, изгледа легално се точат од- носно внатре во пијалокот се става оној меракот и кога ќе оди детето да оди утре внатре да земе уште една чашка, па уште една чашка, а вели се знаат кои се тие локали. Јас сум за тоа да постојат кафани, но да не постојат сакати дечиња. И знаете ли кои деца одат таму. Добро на богатите се знае, не сакам да ги навре- дувам, тие имаат пари, тие можат да пијат, меѓутоа се осакатуваат децата на средната класа и на сиромасите. Од каде ќе ги најдат парите, второ прашање што би поставил, одговорот е ќе кадат. А детево кога еднаш ќе украде полицијата ќе му ги извади бубрезите. Кога пијат дрога никој не одговара, ни детето ни тој што ставил дрога. Легално кај нас, во овој Парламент се зборуваше дека некој тука од нас, веројатно не е Митко, не е Абди ниту Голубовски, ниту Горѓиевски но еден на кој децата му беа зафатени, се служел, отворено овде мора тоа да го кажеме, господа со препродавање на дрога. Тоа за нас е легално. И се прашувам каков закон треба да донесеме. Да го тепаме внатре психички и да го убиеме детето, да го уништиме тоа дете на мајката која не знам како го пораснала до тие 13-14 години, зашто такви гледам во тие кафичи и после да му го предадеме на полицијата како крадец да го убие детето. За ме- не тоа се неразбирливи работи и јас тие работи ги осудувам и секој таков криминалец кој се обидува да прави такви недела, да шири дрога и да ја продава по продавниците а полицијата едноставно само треба да установи дека тоа се случува. Тоа е треги комично и трагично. Митко ќе ги каже сите работи, не се секирајте. За тоа сум уште малку време тука,

ќе ги кажам сите работи и ќе бидам јавен и јасен и никој нека не ми се лути.

Дрогирање и пиење некој рече овде имало во Боливија и незнам уште каде, но јас верувам дека и тука ќе има такви нешта. Што превземаат службите? Кај нас за жал, ние сме толку време тука не постои служба освен полицијата која што води сметка за тие кафичи. Кај нас тоа го нема или пак тоа не сака некој тоа да го направи или пак не сме такви моќници да се следи таа работа и дење и ноќе. Кај нас сега е обратно, наиме ние треба според нашите деца да ја сметаме ноќта ден, а денот ноќ. Притоа се поставува прашањето како бре Митко така зборуваш, да не си пернат! Па децата не ви се дома ноќе, а дење спијат цел ден. Кој е во право. За- тоа се согласувам со амандманот што го поднесе госпоѓа Димитрова, дури и нешто поригорозно треба да се земе а не сум за тоа да се затвораат кафичите, нека си работат под норматива и според за- кон. Место тој да спечали со пот, но пад строга контрола а да не осакати 20-тина деца. Тој на таков начин ќе биде утре посреќен зашто во таа ситуација ќе дојде и неговото дете.

Сликата на законот треба да ни биде јасна, зашто утре вашите деца, нашите внучиња ќе бидат тие кои треба да бидат во овој Парламент, во власта во оваа држава. Од сакати луѓе нема држава. Од сакати луѓе нема ни дуќани, ниту работници, од сакати луѓе нема ниту доктори, од сакати луѓе нема инженери, од сакати луѓе нема ни пратеници. Што може да се спаси? Под итно да се донесе овој закон. Со тоа да престанат децата со обраќање до родителите и до органите на прогонот да престанат малите деца да ги посетуваат тие локали и кафичиња. Јас сум за тоа да воопшто не може дете од 12-13 години да влегува во кавани и во кафичи. Кога веќе имаме аларм од полицијата дека кога ќе ја "испие првата чаша тој веќе зема отров. Нека излезе

полицијата, тој началникот да седне пред мене и јас да му поставам прашања. Сега сигурно ме слуша. Сакам тој утре да ми даде одговор зашто тоа дете што веќе еднаш пробало го влече за пак да проба и утре веќе ќе најде пари во џебот на дедо му, на татко му н ако не може од ќесето тогаш од баба му и утре ќе оди да се напие, така почнува таа работа.

За да нема расправија полицијата да ги регистрира тие локали и да ги каже јавно кај Митко, кај Трајко кај Петко најдовме дрога. Таквите да ги збрише од списокот од локалитетите каде што постојат. Има и поштени кафеџии и сами тие не ги пуштаат децата да влезат внатре. Имав прилика да видам и самиот каде влегоа децата а газдата ги избрка. Значи има поштени луѓе. Според тоа, не сакам многу да зборувам, мислам дека ме сфативте затоа што сите имате деца и внучиња, да не ја одолговлечувам дискусијата, благодарам на најискреното внимание што го обративте на овие мои зборови и молам да го прифатите она што го даде госпоѓа Димитрова.

**ПАНЧЕ МИНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, предлогот на законот поднесен од Владата а на кој има предлог од пратеникот Ратка Димитрова го сфаќам како една иницијатива за покренување на прашањата што се третираат во предлогот. Според мене тие се дадени во две димензии и тоа: прво, дали има потреба односно причини овие прашања да се регулираат во специјалниот закон односно законот за угостителство и туризам. Второ, кога веќе ќе се оцени дали има потреба овие прашања да се регулираат во специјален закон, како да се изрегулираат целите и со која содржина на регулирање на овие прашања да се постигне.

Како одговор на првото прашање дали почетокот и распоредот и извршувањето на работното време како и точењето на алкохол на

малолетници има потреба да се изолира со специјалниот закон за угостителство и туризам, мојата оценка и одговор е потврден однос- но мислам дека има потреба. Досегашната уреденост на овие односи беше во надлежност на општините со соодветни одлуки и кога велам има потреба да се уреди со закон, е од следните причини: прво од тоа ќе се постигне ефектот на подигање и третман на ова прашање од уредува на општинско ниво со акт на одлука, негово регулирање со закон што ќе добие на тежина и значењето во прописот со кој ќе се регулира прашањето. Втор ефект е тоа што ќе се постигне уедначе но регулирање на распоредот на почетокот на работното време на ниво на Република. Досега имавме еден конгломерат на шаренило на уреденост на овие односи во општините. И третиот ефект што ќе се постигне, според мое лично убедување, гледајќи од претходните дискутанти најверојатно ова прашање, односно прецизното и на некој начин рестриктивно уредување на почетокот на распоредот и извршувањето на работното време е момент и фактор кој воспитно влијае заедно со многу други фактори во системот на институциите и надлежните органи на тој воспитен план спрема младата генерација.

Одговарајќи на второто поставено прашање како ова да се уреди и кои цели ќе се постигнат, сметам дека предлогот во овој закон поднесен од пратеникот Ратка Димитрова е нецелосен во смисла што ова прашање го третира еднострано, односно не води сметка за видот и категоријата на уставните објекти што значи си- те тие, без разлика на кој вид или која категорија угостителски објекти потпаѓаат ги третира исто и подеднакво ги распоредува во утврдувањето на почетокот и распоредот како и извршувањето на работното време, како нецелосни и од аспект на тоа што не го разграничува местото и положбата на угостителските објекти, односно дали тие се наоѓаат во потесниот градски реон или надвор од населеното место. Мислам дека таа работа треба

задолжително да се утврди и во таа смисла предлагам во едно поцелосно опфаќање на оваа проблематика преку соодветна анализа од надлежното министерство, како што е и направено треба да уследи предлогот кој што е во процедура поднесен од Владата.

Што се однесува до прашањето на точењето алкохол на малолетници, не е точно што беше овде истакнато дека тоа прашање не е регулирано. Тоа прашање не е регулирано во законот за угостителство и туризам, додека истото прашање како прекршок е регулирано во Законот за прекршоци на јавниот ред и мир. Само може да се постави поинаку прашањето односно како се извршува законот за прекршоци од јавен ред и мир во прекршокот точење на алкохол на малолетници, која што појава секој граѓанин и ние овде како пратеници треба да ја осудиме.

Оценувам дека и во овој закон треба да се потенцира забраната на точење алкохол на малолетници, ако има потреба така што покрај неговата утврденост во Законот за прекршоци во јавниот ред и мир поради тоа што како појава е асоцијална и негативна да се регулира и со овој закон за угостителство и туризам. Во тој дел го поддржувам регулирањето со едно упатување дека санкционирањето на оваа негативна појава треба да биде појака, односно порепресивна

Што се однесува до решенијата што се конкретно дадени мислам дека пооптимално решение е работното време да се распореди така завршувањето да биде до 24 часот, затоа што ние овде и во таа насока еве и оправданоста е да се отфрли, односно да не се прифати предлогот на пратеникот Ратка Димитрова, односно да се сочека и во собраниска процедура да се разгледува предлогот на Владата, затоа што пак ќе повторам прашањето е комплексно и мислам дека една сеопфатна анализа и комплексно третирање на проблемот ќе даде решение

а за тоа е меродавно надлежното министерство и Владата. Од аспект на тоа што со ова фактички се регулираат условите за работа и ние немаме право ниту како Парламент, ниту како Влада да ги утврдуваме и ограничуваме условите за работа на било кој, па и на субјектите што вршат угостителска и туристичка дејност, виза ви оние аспекти и оние моменти како вредности во еден општествен поредок што сакаме да ги постигнеме на воспитен план за младата генерација. И на крајот да завршам мислам дека краен рок на завршувањето на работното време е 24 часа, а да не им ограничуваме услови на работа на оние кои што во една утврденост на регулираност на односите ќе ги исполнат одредените услови, самата дозвола за работење после 24 часот на некој начин да ја обезбедат преку државата.

**ПЕТАР ГОРГИЕВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници сосема накратко јас ќе се произнесам по Предлогот за донесување на закон за дополнување на Законот за угостителска и туристичка дејност.

Неспорна е потребата од донесување на нов закон и уредување на односите во овие две дејности. Се јавив за збор токму од тоа да не пристапуваме парцијално во измени и дополнувања на закони што се од суштинска природа. Сметам дека ако сакаме да ги менуваме односите во овие дејности, мораме да пристапиме кон промена и на комплетната законска регулатива. Тоа се однесува на тоа што и понатаму еве во процедура го добивме и законот што го нуди Владата и пак ги опфаќа двете дејности заедно, за што и самите сме сведоци од измените што ги бара и ги предлага пратеничката Ратка Димитрова се однесуваат исклучиво на уредување на односите во угостителската дејност, додека во делот на туристичката дејност не е зафатено ништо. Значи дека најсериозно да се пристапи кон уредување на односите на овие две дејности. Според мене треба да се донесат два сосема различни закони,

специјални закони посебно за угостителската дејност и посебно закон за туристичката дејност. Ние да престанеме туристичката дејност да ја мешаме со угостителската зашто угостителството е само еден дел од туристичката дејност и со тоа сметам дека на определен начин не се уредени ниту односите во туристичката дејност.

Сметам дека со овие измени што сега се предлагаат сосе- ма незначително се менуваат одредени одредби и тоа во делот на работното време, забраната на точење на алкохол и во делот на казнената политика. Со донесувањето или со ваквото парцијално менување на законот сметам дека ќе го одолжиме уредувањето на односите во овие две дејности. Ова посебно сега кога интересот на субјектите кои што дејствуваат во овие области со промена на сопственичката структура е изразито голем и жесток и сметам дека државата треба да изгради механизам со кој ќе обезбеди доволно приходи во Буџетот за да се брани од таквите интереси на носителите на тие интереси. Значи во основа мора да се менува пристапот. Сметам дека мора да се изградат односи на давање на концесија за одредена угостителска дејност според видови како што се во законот наведени и за секоја концесија да се определи цена. Секој треба да си ја плати соодветната цена. Ако сега се направи една анализа во угостителската дејност, ќе видиме дека и во таа дејност или со извршувањето на таа дејност ни протекнуваат како потоп приходи што не ги наплатуваме затоа што не ни се уредени со закон. Оттука сметам дека би требало законот што е сега предложен како предлог на закон, да не се прифати а нашите ангажирања да ги насочиме во делот на она што е уредување на односите на двете дејности со тоа што на одреден начин да се анимира и праксата од земјите кои што гајат пазарна економија или на одреден начин се во функција на веќе изградени механизми со правила на игра

што ќе носат и определени приходи. Само  на тој начин ќе ја промениме и структурата на Буџетот. Инаку ако вака продолжиме парцијално или на стар начин да ги уредуваме односите, и натаму структурата на нашиот Буџет ќе биде таа, приходите да се остваруваат од данок на промет и од придонесите односно даноците што се остваруваат од личниот доход и царините. Сметам дека овие закони треба да направат реформа во делот на уредувањето на односите во правец на наплата на одредени приходи што државата на определен начин ќе ги оствари за да изгради соодветни механизми за уредување на односите во овие две дејности.

IX/1 СП/СЛ

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Таири.

**ЏЕЛИЛ ТАИРИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, еве и јас неколку збора околу овој предлог. Сметам дека го делам мислењето со претходните двајца наши колеги кои рекоа дека сепак овој предлог не ја регулира целокупната проблематика што се јавува на овој план.

Лично сметам дека, бидејќи се наоѓаме во фаза на трансформација, потребни се одредени механизми кои треба да го регулираат сега во нова форма обавувањето на овие дејности. Мислам дека ние колку и да сакаме да донесеме одредени работи овде во самиот Парламент, сепак треба да го почитуваме самиот пазар, бидејќи пазарот е барометар кој ќе одреди на која улица што ќе се работи, до колку време итн. Сметам дека ова го диктира самата побарувачка и тука не би можеле многу да кажеме.

Меѓутоа, би сакал да укажам на една друга работа дека се доста оправдани реагирањата на граѓаните кога е во прашање бучавата, кога се во прашање и други работи, меѓутоа, тука е потребно да се види нешто друго. Тука треба прописите кои ги регулираат минимум техничките услови, тие треба од корен да се менуваат , бидејќи се доста застарени, а сигурно одиме напред а таквите прописи не овозможуваат пристојно обавување на дејност во непосредна близина на згради, станови итн. во овој дел треба и те како тие прописи да се менуваат.

IX/2

Да не должам многу реков дека претходните дискутанти кажаа околу тоа дека оваа проблематика треба комплексно да ја регулираме, но затоа не треба надлежното Министерство да чека со Предлог-законот тоа треба да оди доста брзо да не не фатат одморите. Лично сметам дека овој предлог има место, меѓутоа, случај каде не можеме се затоа што не ја регулира целокупната проблематика и затоа ова прашаше треба да мине низ комисиите, низ редовна постапка за да не би дошле до одредени грешки во работењето на овие објекти.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Станковски.

**РИСТО СТАНКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, како прво би сакал да кажам дека ги поддржувам целите кои евентуално сакаат да се постигнат со овој закон и одредени девијантни појави за кои сите сме свесни дека постојат во ова општество веројатно се сакаат со овој закон да се избегнат или да ги нема.

Меѓутоа, ценам на таа материја е многу покомплексна и ако го |прифатиме вака законот како што е понуден, веројатно и со најдобра намера меѓутоа читајќи го законот можам да забележам дека има некои работи кои не се најпрецизни, па заради тоа потоа доаѓаат некои дополнителни амандмани кои создаваат забуна, веројатно прочитајте ги и така се доста нејасни, па затоа сум на мислење дека би било подобро, бидејќи оваа материја е доста комплексна, не е так; едноставна, денеска овој закон да не го разгледуваме, а бидејќи веќе имаме доставено комплетен текст од Владата кој е многу покомплексен и во кој веројатно многу постручно биле согледани сите проблеми што се јавуваат во оваа сфера, а истовремено, и можностите за операционализација на самиот закон на терен, оти една работа е да се донесе закон, меѓутоа, треба да

се има можности и тој закон да се операционализира на терен, односно да се извршува.

Од тие причини ценам дека е многу подобро, односно веројатно и многу поефикасно ќе биде веќе на наредната седница Предлогот на законот за угостителство и туризам кој ни е доставен од страна на Владата да биде поставен на дневен ред и веројатно по него би рас правале и нормално доколку има некои несогласувања сигурно ќе можат да се поднесуваат амандмани на тој закон.

Инаку, во поглед на она што беше истакнато овде за појават на голем број девијантни појави во општеството, посебно кај младината ценам дека со овој закон веројатно не би ги решиле тие проблеми односно само со овој закон и веројатно за решавање на тие проблеми, како што е појавата на наркоманијата кај младите која зазема се поголем замав, дури мислам дека е веќе алармантно, проблемот со алкохолизмот и слично, веројатно ќе треба не само со овој закон, туку и некои други закони да претрпат измени или да се донесат нови, мислам пред се на кривичниот закон, па веројатно и некои други подзаконски акти или одлуки од Владата за да ете на некој начин се обидеме да ставиме крај на една појава која верувам дека сите не загрижува и ако вака продолжи ќе бидеме веројатно во рангот на оние земји каде проблемот со дрогата и алкохолизмот се меѓу врвните проблеми, а тоа веројатно никој од нас би го сакал.

Затоа уште еднаш ценам дека можеби би било згодно како заклучок еве по расправата дали има потреба од донесување на ваков закон, да донесеме заклучок Предлогот на законот за угостителство и туризам што е поднесен од Владата да биде веќе на наредната седница на дневен ред па сигурно би можеле многу посодржајно да расправаме, бидејќи е доста пообемен и опфаќа практично цела. оваа област.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор г-ѓа Лазаревска.

**БИЉАНА ЛАЗАРЕВСКА:**

Се предложи овој закон да не се разгледува сега, туку да се очекува законот од Владата, а јас еве пред себе го имам и законот од Владата кој е веќе пуштен во процедура во Собранието и кој е доставен како предлог за донесување на закон за угостителска и туристичка дејност и кој во ова Собрание ќе оди во три фази, а ние знаеме како се разгледуваат, прво, предлог за донесуваше, па нацрт, па предлог на закон.

Сметам дека ќе потрае доста долго токму заради комплексност на проблематиката што се разгледува со овој закон и токму заради различните мислења што и овде се кажаа како предлози за подобрување и поквалитетен текст на законот кој Владата ќе го подготви.

Интервенцијата на г-ѓата Ратка Димитрова е во областа на две точки и тоа во времетраењето на работата на овој тип на објекти и во точењето на алкохол на малолетни деца. Значи, не навлегува во ништо друго во измената на законот , туку сето ова што се разгледуваше овде од одделни пратеници може само да и делува позитивно на Владата при изготвувањето на Предлогот на закон.

Овој предлог што е денеска на дневен ред тој прави само интервенции на досегашниот закон во областа на времетраењето на работата на објектите. Затоа сметам дека треба да се прифати овој предлог сега со целиот респект спрема предлогот што го има дадено Владата кој ќе го разгледуваме во три фази. Ние не знаеме можеби и ќе потрае повеќе од 5-6 месеци.

Би сакала накратко да се осврнам и на нешто друго. Овде некои дискутанти кажаа дека со овој закон кој би го изгласале би скратиле работни места на многу деца кои работат во кафиќите, а јас сакам да кажам дека ние нема да им го скратиме работното место, туку ќе им се скрати работното време. Многу подобро е тие деца да работат до 11-12,00 часот, отколку да се работи до 4,00 часот наутро Исто така знаеме дека во тие кафиќи седат и работат можеби 5 деца, а седат други 200 невработени, така што не е ни тоа главниот проблем

Исто така, се кажа нешто дека песната и играта се во срцата на нашиот народ што е точно, но сепак кога ќе се претера во гласност тоа не е толку пријатно. Во тој поглед е едно укажување на граѓаните од еден локалитет во Куманово, сигурно такви проблеми има и во многу други градови, еве би сакала да прочитам само неколку реченици од ова писмо.

Граѓаните на наведениот локалитет пет години се изложени на невиден легален терор што го вршат кафулињата кои се лоцирани во станбени згради со пуштање на јака музика преку целиот ден до доцните вечерни часови.

Понатаму се обраќаат со сите проблеми што ги имаат во својот станбен комплекс и се обраќаат до пратениците на Собранието со следната молба.

Станарите од локалитетот Ве молат и бараат од вас при донесувањето на законот за угостителство, се мисли на законот кој целосно ќе ја разгледува оваа проблематика да се изборите за следното:

Прво, во станбени објекти да се забрани отворање на кафулиња, а доколку не е можно, сопствениците на кафулињата да пуштаат музика која нема да се слуша надвор од просторијата на локалот и нема да им пречи на станарите.

Второ, да се поставуваат маси и столови со посебни одобренија од надлежен орган во ограничен број и тоа на место кое нема да пречи на станарите и поминувачите.

Трето, да не се дозволува поставуваше на маси и столови на мезанини.

Дел од овие нивни барања ги има и во други закони, но сеп тука инспекциските служби треба да си го покажат своето.

Поддржувајќи го овој предлог на закон на г-ѓата Ратка Димитрова, сакам збор - два да кажам дека овде се дискутираше за еден многу сериозен проблем, а тоа е појавата на дрогата во нашата Република, која треба во многу честа прилика да се расправа не само овде, туку и во сите институции што се надвор од Собранието и Владата и сакам , исто така, да кажам нешто дека ние не смееме, дискутирајќи овде анблок, да ги обвиниме сите кафулиња и да се добие впечаток дека во сите кафулиња се случува ова. Министерството за внатрешни работи на една прес конференција наброја неколку кафулиња кои глед дека воопшто најверојатно Министерството ги презема своите натамошни обврски околу оваа проблематика, но ние знаеме дека заради нехигиена се затвораат угостителски објекти, а овде не видовме посебно преземени мерки кон тие објекти и сакам да напоменам дека оваа проблематика треба да се третира на малку поинаков начин и треба малку повеќе да не засегне.

**СТОЈАН АНДОВ**

Дали уште некој бара збор?

Има збор г-динот Арсовски.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Кога би бил овој предлог на закон само од тој закон, тогаш е прифатлив, бидејќи и оценките за самиот закон и образложението држат, заради тоа што сите овие патолошки појави во рамките на Република Македонија се се помасовни и поприсутни и нормално треба да се преземат одредени мерки заради намалување и спречување.

Меѓутоа, морам да ве потсетам јас очекував дека најголеми дел од правници можат да укажат , меѓутоа, еве тие не станаа, сакам да укажам дека во нашето законодавство не постои празнина дека не постојат одредени норми кои го ограничуваат ова право на однесување на одредени граѓани. Јас ќе ве потсетам дека XIII Глава од Кривичниот закон го санкционира односно го забранува ова што се потенцира и во самиот закон , предложен од г-ѓата Ратка Димитрова. Таму извонредно пишува дека тоа се кривични дела против здравјето на луѓето, член 113 загадување на човековата околина и последниот член 124 служење алкохол на малолетни лица и лица во припита состојба. Значи, тоа е норма ко]а постои, меѓутоа, овде за мене се поставува едно друго прашање колку сега се применува кривично - правната заштита? Ние и во другите делови од Кривичниот закон веќе не ги спроведуваме, ш го ограничуваме комарот иако е тоа кривично дело, не ја ограничуваме другата патологија која е присутна, шверцот. Меѓутоа, овде сакам да укажам дека се работи за една општа појава кај малолетните лица и добро е со еден попрецизен закон што го нуди Владата, имајќи ги предвид и овие предлози, во предложениот закон на г-ѓата Димитрова, можеме да обезбедиме поквалитетна норма во однос на ограничувањето на точење на алкохол на малолетни лица односно попрецизно макар да и тој постои во одредениот закон.

Мислам дека овој закон сега што го нуди Ратка Димитрова е доста да не кажам, палијативен, се однесува само на еден дел од нормите, а би требало овие норми да бидат поместени во еден поопшт закон со повеќе норми и затоа го прифаќам предлогот да се донесе овој закон односно по итна постапка да се донесе законот што е предложен од Владата и да се имаат предвид овие укажувања во овој закон што е денеска на расправа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор г-ѓа Димитрова.

**РАТКА ДИМИТРОВА:**

Јас им благодарам на сите дискутанти кои го поддржаа овој Предлог за дополнување на Законот за угостителство и туризам, а што се однесува до другата група само би кажала неколку збора.

Морам да кажам дека ова дополнување го работевме во тесна координација со Владата затоа се фактички идентични елементите кои се нудат овде.

Земени се само елементите кои претставуваат во моментот тежок, јак, општествен проблем. Јас сакам да ве прашам сите како пратеници дали може да се случи, бидејќи целокупниот закон е даден во три етапи во нормална постапка. По нормалниот ред како обично работи Собранието, потребно е три-четири месеци за да истекнат овие три етапи. Многу лесно може да се случи да се продолжат и овие три- четири месеци, вие знаете какви непредвидени седници доаѓаат, се оддолжуваат, а дали може на крајот да се случи, бидејќи никој од не планира сега не знае точно да навлеземе и во период на избори, па да го испуштиме како еден од најважните акутни општествени проблеми, овој проблем.

Јас лично како пратеник би се чувствувала многу одговорна, бидејќи сме можеле да помогнеме, а не сме го сториле тоа.

На крајот сакам да ве прашам дали губиме нешто ако дел од Законот кој е идентично даден од Владата го донесеме сега како дополнување на стариот, бидејќи е важен проблемот, а во меѓувреме сите недостатоци кои се воочени, а имаше многу недостатоци, морам да кажам, кои не можат да се поправат со овие елементи кои сега ги вградуваме, а кои беа , морам да кажам, на еден демагошки начин тука кажани на говорницата како што е структурата на Буџетот,наплата на приходи , овој дел не го обработува тоа и затоа не може да го реши. Или законот за транзиција, членот 55 од Уставот, да, нашиот Устав пропишува пазарно стопанисување, но нашиот устав пропишува и повисока вредност од слободата на пазарот, а тоа е човечкото здравје

Јас ви се молам, бидејќи оваа материја е надвор од секаква идеологија, размислете лично и со својата совест решете пред да дигнете рака. Сите недостатоци и можеби е добро што е прв овој дел, а потоа е владиниот закон, сите недостатоци кои ќе се воочат во меѓувреме, бидејќи ќе тргне една нова пракса во тоа време ќе се решат со амандмани но во владиниот закон.

**СТОЈАН АНДОВ**

Дали уште некој бара збор? (никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот

Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок;

**СТОЈАН АНДОВ**: /продолжение/

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за дополнување на законот за угостителска и туристичка дејност.

Кој е за, молам да крене рака?

Господинот Поповски бара да се изјасни како ќе гласа.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Јас не мислев да се јавам и да образложам зошто ќе гласам против законот, мислам амандманите на законот, но последното образложение на госпоѓата Димитрова во својство на предлагач на овие амандмани може да внесе забуна пред дел од јавноста, особено заради начинот како објасни, повикувајќи на свест, повикувајќи на последици итн., и затоа сум должен да дадам образложение дека нема да ги поддржам овие три амандмани од причини кои пратеникот Ристо Станковски ги образложи. И мислам дека, како што се кажа тука дека кој нема да гласа ќе има грижа на совеста, јас нема да имам грижа во совеста затоа што оваа работа се случува со години и за месец дена или два додека го донесеме законот што Владата го понуди и претставува целовито решение нема да имаме никакви дополнителни проблеми.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг сака да објасни како ќе гласа? (Ќе)

Бидејќи никој нема друг натаму, го ставам на гласање заклучокот.

Кој е за, молам да крене рака?(33 пратеници)

Констатирам дека заклучокот не е усвоен.

Одиме понатаму.

Минуваме на **точката 37** - Интерпелација за работата ка членот на Владата и министер за образование и физичка култура д-р Димитар Бајалџиев.

X/2.-

Интерпелацијата Ви е доставена.

Отворам претрес.

Молам еден од подносителите да ја образложи интерпелација!

Има збор господин Арсов.

**ДРАГИ АРСОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, на сите нас добро ни се познати политичките последици што во последно време настанаа од начинот на работата на членот на Владата и министер за образование и физичка култура господинот Димитар Бајалџиев.

Некои од тие причини се наведени и во интерпелацијата што денеска е на дневен ред и по која треба да расправаме. Дозволете м: овој пат да ве потсетам само на некој од нив.

Тоа е факултативното воведување на албанскиот јазик од прво до осмо одделение како посебен предмет во основното училиште во село Бачиште - Кичевско што претставува грубо нарушување на позитивните законски прописи и непочитување на основната законска регулатива.

Воведувањето на педагошката евиденција и документација на албански јазик во образовните институции предизвика негативни реакции наспроти службената употреба на македонскиот јазик како основно одбележје на македонската држава, нејзината самостојност, независност, и сувереност.

Ваквите штетни политички последици од страна на министерот, господин Бајалџиев до крај не се санкционирани и не се преземени никакви мерки во врска со ваквите појави. Ништо не се презема за спречувањето на дивите образовни установи, оние што се отворени во верските објекти и други, со што се овозможи постоење паралелен образовен систем.

Ако и натаму продолжат ваквите состојби, несомнено тешките политички последици ќе станат уште потешки посебно во однос на асимилирањето на Македонците муслимани, негирањето на македонскиот јазик и неговото истиснување од просторот на западниот дел на Македонија како службен јазик итн.

На очиглед на сите нас се губи тоа што не го дозволува да се губи ниту една држава, искоренувањето на сопствениот народ, тоа не треба да го дозволиме ниту ние, ниту нашата држава. Од таквата одговорност никој никого не може да ослободи ниту пак некој Владата на РМ може да ја ослободи од ваквите одговорности поради сериозните последици што уследуваат од едни вакви појави.

Кога зборуваме за интерпелацијата не можат да се изостават општите состојби во образованието за кои никогаш не се проговори ниту од министерот за образование и физичка култура, ниту од Владата. Досега не сме расправале за овие проблеми во Собранието. Повеќе не можеме да молчиме за последиците, без да ги наведеме причините што доведоа до ваквите последици, за кои што само некои од нив спомна. Се разбира дека тие се во функција и тоа политичка функција во однос на коалициониот партнер со давање на извесни отстапки а сето тоа во штета на сопствениот народ.

Наспроти тоа, ниту министерот господин Бајалџиев досега, ниту Владата не понудија концепција како ќе се концепира основното образование, средното и високото. Не понудија концепт според кој ќе се раскине со досегашната идеолошка унифицираност, со таканареченото насочено образование, не се измени досегашната структура, не се покажува спремност да се напушти стариот идеолошки терк.

Изборот на директорите и натаму се одвива според идеолошко - политичката подобност, наместо според професионалноста. Тоа е и

натаму присутно во нашите училишта. Наместо креативни училиштата се директивни установи. Државата не се повлекува од подрачјето на образованието. Доминира советскиот модел, нетрансформиран, без било какви радикални зафати.

Не можеме да зборуваме ни за слободата во образовниот процес на се на се стеснетите хоризонти на административната, политичка, полициска и деморализаторската демагогија. Духот е стеснет и не му се овозможува никаков излет од таквите стеснети рамки. Нема автономија и самостојност во образованието. Нема реформски зафати што ги очекувавме. Конечно треба да кажеме дека кај нас, посебно во универзитетите, полицијата може да апси наспроти неприкосновеноста и автономноста на универзитетите на Запад. На пример во Англија во универзитетите не може да влезе ни англиската кралица без дозвола на ректорот.

За таквата автономност ништо не се зборува ниту пак се преземааат некакви мерки на тој план.

Наспроти молчењето на министерот, господин Бајалџиев и Владата, сепак ние мораме сериозно да размислуваме за овие состојби и порешително да се залагаме за поголеми промени во образовните установи, посебно во високо образовните институции и тоа според европскиот модел и според реформите што треба да ги направиме.

Познато е дека за земјите што го напуштија еднопартискиот модел најзначајна промена претставува образовниот систем, напуштање на идеологизацијата и т.н. За тоа мерило за демократизацијата на односите кај нас не се зборува. За тоа најмногу се интересира западниот свет. Тоа сме сведоци ние самите кога доаѓаат делегации од некои западно - европски земји, се интересираат токму за таквите промени. И, врз основа на тие нивни сознанија, можат да заклучат како се одвиваат

демократските процеси во нашата' земја, колку сме напреднале на тој план. Ние, упорно молчиме. Молчиме и во однос на финансирањето според нови современи критериуми, според пазарните текови итн.

Ништо не се зборува за тоа дека студентите се сведени на маргините на настаните во Универзитетот. Власта нема одговор, нема доверба во интелектуалците. Доминира практиката на издвојуван елитни групи на поштени, компетентни интелектуалци со заслужена доверба, подобност како мерило за високата положба во власта. Сведоци сме ние дека без таквата компетентност нема напредок во хиерархијата на власта.

Наспроти обезвреднетите псеудо-научни трудови, стеснетиот избор на студентите, ниските знаења, тесните профили, што како наследство од еднопартискиот систем се влечат и по првите повеќе партиски избори кај нас, не престанува идеолошката индоктринација и нискиот квалитет на образовните резултати. Ниво кое ние не можеме да го оправдаме ни во основното ни во средното образование Владата за тоа, се разбира и министерот, господин Бајалџиев молчи, Молчи за идеолошките основи што сеуште се присутни, наводно, за класната еднаквост на сите граѓани, вклучувајќи ја и таканаречена социјална идеја за еднакви шанси со крајна вулгаризација на биолошката и интелектуална еднаквост на секој човек во процесот на образованието. Од ваквите и слични унифицирани стандарди упропастени се повеќе генерации. Секако дека од таквата идеолошка одредница сеуште ние не можеме да се откажеме од наставните планови.

Даровитите ученици запрени се на просечните стандарди. Не се измени ни односот кон гимназиите што се укинаа како "елетистички класни училишта". Така ни се претставуваа. А, со поддршка на техничките односно насочените училишта во насоченото образование се создадоа центри како мамут-училишта и со нивната  функција во

божемната интеграција на образованието со стопанството како слободна размена на трудот, не се урна митот на самоуправниот модел чија апстрактна цел - интеграција со полумануфактурното стопанство кое е сеуште присутно кај нас и кое што има катастрофални последици, никогаш не заживеа таа концепција и таа цел стана поважна од целта и од самото образование и воспитание на младите.

Ниту пак со ново понудените закони овде ги добивме, тоа се Законот за изменување на насоченото образование и на предучилишното и основното образование, пак ни се нудат нецелосни закони, туку ни се нуди она што досега ни се нудеше, некои маргинални измени, а тоа се казните. Значи, уште немаме никаков проект на тој план. Ништо нови, значи, освен нормативна козметика на старото.

Информативното загадување и повторување на градивото во наставните програми, политички обоени со исти политички информации во учебниците и со иста иконографија и натаму остануваат како товар што ги одвраќа младите во оваа сфера и интересот за нивното образование.

Воспитно образовната технологија е крајно застарена. Според рускиот педагошки терк сведена на три сегменти: предавање, памтење и испитување. Предавањето зазема централно место во образовната технологија што доведува до целосна пасивност. Ученикот е сеуште објект, наместо да биде активен субјект во наставата. Наспроти. значи се онака наспроти старата и познатата кинеска поговорка што треба навистина да претставува пример во ова сфера: "на гладниот не треба да му даваш риби туку да го научиш како да се лови".

На крајот, никогаш не го слушнавме министерот и неговото мислење на господинот Бајалџиев за состојбите со учебниците.

На овој план тие состојби не се за пофалба, тој никогаш ништо не ни проговори,за тоа не можеше и за тоа не може нида се оправда за својата одговорност за едни такви состојби. На тој план односно на планот на состојбата со учебниците не се направи никаков идеолошки обид да се направат некои измени и да се исчистат тие идеолошки одредници и вредноста на тие учебници да се сведат на естетските критериуми.

Не се издаде ниту една наредба за повлекување од употреба на некој учебник,посебно од областа на историјата и географијата. Иако во извесна мерка се напушта марксистичко - материјалистичкото толкување духот и начинот на толкувањето на фактите и натаму останува на ист начин како н до сега. Тоа можеме да го погледнеме во сите учебници од сферата на историјата и така наречените општествени науки.

Во историските читанки во основното образование македонската историја се прикажува како дел од југословенската. Упорно се наметнува унитаристичкото југословенско насочување. Среќаваме имиња наши народи, наши земји, југословенски народи, она што упатува на постоење на југословенската заедница, а јужнословенската мисла се толкува како југословенска.

Спрема религијата не се напушта негативниот пристап што произлегува од марксистичко - ленинистичкото објаснување на историјата. Детските писатели познати и осведочени политички комесари во македонската култура, токму таквите писатели и натаму им се препорачуваат на децата како и до сега. Не се селектира ни лектирата според естет ските критериуми, останува обоена според идеолошката пројугословенска ориентација.

И, сосема на крајот за спортот. Законот за спортот не е донесен, ниту подготвен. Нема никакво оградување од самоуправниот модел на спортот, наспроти неговата неефикасност и, за сето тоа од страна на Владата и ресорниот министер се молчи. На тој план ништо не се презема.

X/8

Целокупната област во спортот и натаму се нормира како физичка култура, објекти за физичка култура, награди за физичка култура, па дури и министерство за физичка култура. Никако да стигнеме до спортот и да се ослободиме од терминот физичка култура. ШМ конечно треба да зборуваме за телесна и за здравствена култура кај децата и младината, но не и за физичка култура, туку за спорт, тренинг, натпреварување на спортисти во согласност со пропозициите во Европа и светот. Дури ни во Уставот на Република Македонија не се зборува за физичка култура, туку се зборува за техничка култура и спорт

XI/1/пј/см

**ДРАГИ АРСОВ**: (Продолжение)

Јавниот интерес, ако спортот е од јавен интерес треба да го бараме, како што се бара и за се друго што е од таа дејност од јавен интерес, како што се и јавните претпријатија според европските решенија и критериуми, според она како што се уредуваат дејностите од ваков карактер. Само заради нерешените и нерегулирани прашања во спортот за министерот не требаше да бараме интерпелација, туку доволни беа само настаните во Битола за време фудбалскиот натпревар меѓу Пелистер и Вардар, каде жртва беше светот на нашата младост. Овие последици беа доволна опомена за нерешените состојби во образованието, во спортот во воспитувањето, заради кои министерот сам требаше да размисли што треба да направи, а ние тоа да го кажуваме и да го нагласуваме со интерпелацијата што ја понудивме н која е поставена на дневен ред на денешна седница на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, процедурално некое прашање сака да постави господинот Луловски.

**КОЛЕ ЛУЛОВСКИ:**

Господа пратеници, од настапот на еден од предлагачите, како дел кој учествува во наставниот процес, се оградувам од т.н. теза на Советскиот модел и после на крај со рускиот модел во образовниот систем.

Прво, сакам со тоа, а потоа ќе настапам со друго.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, вие можете да добиете збор. Јавете се за збор. Тоа не е процедурално.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Почитувани пратеници, во врска со барањето на група пратеници на ВМРО-ДПМНЕ за интерпелација на министерот за образование и физичка култура Димитар Бајалџиев, чиј потписник сум и јас, би го

XI/2.-

презентирал следното. Несомнено е дека состојбите во кои денес се наоѓа македонското образование и физичката култура, се катастрофални, благодарејќи пред се, на анационалната и антимакедонска политика на првиот човек во Министерството за образование господинот Бајалџиев.

Всушност, и не ме чуди кога целокупната внатрешна политика креирана од првиот човек на државата Киро Глигоров се базира на национална програма, односно во пракса позната како граѓанска опција, која сесрдно е поддржана од владеачките коалициони партнери. Следствено, господа, врз што се базираат моите констатации и аргументи дека во Министерството за образование, на чие чело стои господинот Бајалцив се случуваат низа нелогичности и македонски и немакедонски дејанија, според мене,кои директно атакуваат и го разбиваат македонското национално ткиво и единство. Не е никаква тајна дека со доаѓањето на функцијата министер за образование и физичка култура, господинот Бајалџиев, во јануари 1992 година почна да ескалираат работите во образованието. Не велам дека таквите состојби и пред тоа не беа евидентни, но екс министерот за образование Димитар Димитров поради таквите нездрави состојби поднесе оставка, поточно поради незаконското водење на педагошката евиденција и документација двојазично на македонски и албански јазик. Исто така, јавна тајна е и неговата аверзија спрема македонските муслимани кои најдобро го почувствуваа министерствувањето на господинот Бајалџиев на своја кожа. Впрочем, има доста примери кои говорат во полза на моето тврдење. Барањето за бришење на македонскиот јазик, неспорно дојде од коалицијата ПДП-НДП во селото Бачишта - Кичевско, за кој овдешниот режимски печат во март 1993 година пишува дека жителите на ова село го говорат најлитературниот јазик но господинот Бајалџиев се потруди ова да го негира на негов својствен начин, т.е. со издавање на решение за одобруваше на настава од I до VIII одделение во село

Бачишта - Кичевско, под број 1011/1 од 27 февруари 1992 година, каде што под точка 2 од Решението пишува цитирам:"за учениците од I до VIII одделение да се воведе факултативно изучуваше на албанскиот јазик како посебен предмет во сите одделенија, совладувајќи го јазикот постапно од I одделение". Коментар мислам дека не е потребен. Само да ве потсетам или информирам училиштето во с. Бачишта работи на македонски јазик од 1947 година со Решение на тогашната Влада, а произлегува дека господинот Бајалџиев го формирал со Решението од 27.11.1992 година. Со таквиот катастрофален потег истерани се 18 македонски наставника на најнедоличен начин и веќе две години премолчно се асимилираат македонците муслимани, бидејќи наставата се одвива за нив на еден туѓ и непознат јазик. Зошто тоа се толерира од страна на Министерството за образование и нејзиниот прв човек, господинот Бајалџиев е прашање за кое сите ние господа треба длабоко да се замислиме. И за да утре не ни се случи дека некоја си комисија констатира дека учениците го совладале "албанскиот јазик". На неговата верзија и колебливост кон македонците муслимани остава* простор за антимакедонските сили во редовите на ПДП-НДП и турските шовинисти , кои се здружени во ликвидирањето на македонскиот јазик и асимилација на македонците муслимани. Поради подобро согледување и презентирање на проблемите во областа на образованието мора да се потенција и проблемот кој се јавува во општина Струга. Всушност за што се работи. Со Решението УП.бр. 11-6065/1 од 11.IX.1992 година, поднесено од Министерството за образование и физичка култура - Скопје, се задолжува училиштето за средно образование "Нико Нестор" - Струга, по дополнителната настава од две недели и спроведеното тестирање да ги прими во редовна настава во I година учениците од дивото и нелегално училиште во с.Радолишта - Струшко. Само да ве

потсетам, господа пратеници, на крајот од учебната 1991/92 година согласно позитивни правни прописи, Министерството за образование и физичка култура на Република Македонија, распиша конкурс за упис во средните училишта во Република Македонија. Како што Ви е познато во целата држава се вршеа приемни испити во јули ланската година, а таму каде што не беа пополнети потребниот број ученици беше извршено дополнително тестирање во месец септември. Учениците кои во овие законски рокови го положија приемниот испит беа запишани во редовната настава во I година во средните училиште на РМ. Па, о, 5.IX.1992 година, Министерството за образование, го донесува спорното решение за разрешување на прашањето со дивите албански паралелки од с. Радолишта - Струшко. Индикативно е што со ова решение е спроведено ново тестирање само за учениците од ова училиште. И од пријавените 105 кандидати тестот по математика го положиле само 3 ученика. По ова следуваше невидена ујдурма, Министерството за образование донесува решение со кое овие ученици им е обезбедена дополнителна настава во траење од 2 недели. Спроведено е ново тестирање на кое од 92 пријавени ученика приемниот испит го положиле дури 89 ученика, 3 кандидати воопшто не се пријавиле на испитот. Успех кој може да се запише во Гинисовата книга на рекорди за "знаење" и подготовка за само две недели, па така по дваипол месеци започнатата учебна година учениците од ова диво училиште се вклучуваат во воспитно - образованиот систем. За ваквиот невиден успех, наводно невиден успех најголема заслуга имаат господата советници на Педагошкиот завод на Македонија кој многу успешно ги подготвија учениците кои покажаа солидни знаења. Поради вакви или слични

аномалии реагираше и господинот Џеф Морис, експерт по прашањата од областа на образованието од Велика Британија кој на покана на господинот министер за образование и физичка култура, г-динот Бајалџиев како гостин престојуваше во Македонија од 17 до 23 јули 199 2 година. Направена беше обиколка на училиштата во околината на Прилеп, Дебар, Кичево и Скопје, со цел објективно да се согледаат актуелните проблеми во сферата на образованието. Од согледувањата на г-дин Морис и неговите забелешки тој укажува дека барањата на родителите кои бараат нивните деца да учат на турски и албански се "далеку од логиката" и истите согледувања ги има кажано за посетените места во с. Пластица, Преглово, Пешталево, Лисичари, Бачишта итн. Инаку, мајчин јазик на жителите на овие села е македонскиот. Тоа истото го потврдува и на прес конференцијата организирана на 24.07.1992 година. На таа иста прес конференција во Скопје, г-динот министер Бајалџиев рече дека Министерството е подготвено во сите средини каде што покрај македонскиот се бара учење на албанскиот или турскиот јазик тоа ќе биде овозможено. На оваа иста прес конференција г-динот Морис отворено говори за дивит училишта и укажува на незаконските услови, па оттаму додека не се донесат новите закони, ваквите појави треба да се санкционираат. Исто така, е вчудоневиден и од непочитувањето на педагошката евиденција и документација што малцинствата ја спроведуваат двојазичн па во оваа пригода го рече следното:"Не можам да сфатам која е целта на бојкотот на евиденцијата и документацијата, па да заклучи дека сето ова што се случува има "верско - политичка основа и нема ништо со образованието.". И покрај ваквите укажувања на експертот за образование на Велика Британија Џек Морис, министерот Бајалџиев работи на своја рака или е нешто друго во прашање, можеби

диктат или налог на првиот човек на државата претседателот Глигоров. Во овој контекст мора да се потенцира , иако претходно го спомнав повеќе пати потценувачкиот однос и аверзија кон македонците муслимани, нарекувајќи ги министерот Бајалџиев со терминот "таканаречени" и "таканаречените" , овој термин колку за ваше сознание господа пратеници најчесто го употребуваат албанските шовинисти или како што ќе се изјасни г-динот Бајалџиев на 2.10.1992 година во емисијата на Македонското радио, а во врска со настанатиот проблем во Долна Жупа "јас не знам кој народ е тоа, што се тие, итн.". Значи, господинот Бајалџиев ги поистоветува своите лични, можеби диктирани ставови со ставовите на одредени господа од коалицијата на ПДП-НДП и турската демократска партија. Трагикомично е еден министер за образование кој е претставник на македонската Влада и држава, да не знае или не сака да знае кои се македонците муслимани и да ги негира.

Сакам да истакнам дека исламизираните македонци се неделив и неотуѓив дел од македонскиот народ кои живеат во над 6 0 населени места во македонската држава. Како шлагворт се јави и последниот проблем или пропис дали намерно или незнаење провалувањето на тестовите по математика за кој апсолутно сметам и тврдам дека министерот за образование Бајалџиев веднаш треба да си поднесе неотповиклива оставка од морални причини.

Како резиме на досега презентираното стои фактот дека г-динот Бајалџиев е длабоко заплеткан, според мене, во низа антиуставни и антимакедонски дејанија кои директно и одат на рака на албанските и турските шовинисти и слични на нив, па според тоа, сметам дека истиот треба да ја напушти министерската фотеља.

XI/7

Во оваа смисла морам да го спомнам и писмото од 28.04.1992 година, упатено до сите подрачни единици за образование, каде што Министерството за образование и покрај одлуката за прес- танок на важноста на името и ликот на Јосип Броз Тито изгласано од ова исто Собрание го дистрибуира спорното писмо и ја анулира одлуката на Македонскиот Парламент. Значи дека г-динот Бајалџиев со оваа одлука или со ова писмо под бр.14-3598 од 28.04.1992 година се става над највисокиот законодавно тело на државата Македонскиот Парламент, па според тоа, мислам дека секаков коментар е излишен.

И на крај наивен би бил секој Македонец кој би поверувал дека сето ова што се случува во образованието е случајно или ненамерно. Сето тоа е во континуитет на досегашната "мудро водена" политика на сожителство креирана од г-динот Киро Глигоров, односно комунистичко "братство - единство" за чие остварување македонскиот народ е токму оној што е предодреден на . вечни отстапки и концесии. . на своја штета. Но, господа од коалицијата данокот што вие му го определувате на македонскиот народ да го плаќа за опстанок на коалиционата Влада станува претежок товар и бреме. Не е тешко да се претпостави до каде ќе одат интересите за опстанок на власт. Веќе на наредните седници на Собранието, кога конечно ќе дојде и Законот за локалната самоуправа со што картите ќе бидат конечно отворени. Па, според тоа историјата ќе биде највалидниот судија , дали некој ќе заврши на буништето на историјата или ќе биде запишан со светли букви во истата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Стефковски.

Ве молам, да ги чуеме овие што ја поднеле интерпелацијата со нив да завршиме, па после можеме и да прекинеме или да продолжиме итн., да заврши еден дел од постапката

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, да се покрене прашањето за одговорноста на министерот за образование е крајно одговорна работа од причина што образованието е дел од секојдневното живеење на секое семејство. Во контекст на тоа се поставува и прашањето, зошто и што згреши министерот г-дин Бајалџиев во образованието. Од излагањето и фактичкиот приказ на г-динот Арсов и г-динот Флоровски, одговорноста е евидентно јасна, одбраната би била многу слаба и ни еден факт не би можел да се оспори. Прашањето на одговорноста ја има во случајов другата димензија, а таа е националната и државно-правната димензија. Печатот, што е добро, се потруди да ја запали и подгрее ситуацијата во врска со покренатата интерпелација и таа да биде ударна точка на 63-та седница. Едно е јасно, министер се станува во наши услови со заслуга. Заслугите се добиваат со и во учество во работата на Уставната комисија на РМ. Од стенограмите може да се види кој за што се залагал и априори прифаќањето на сожителството како нов термин за прикриената немоќ за работите со националностите да се поставаат во редот на правите нешта или не сакање јасно се одразува на функционирањето на државата Република Македонија. А, во случајов имаме коалиција каде упорно и арогантно се бранат позициите на коалиционите партнери. Системот е само земаш и бараш уште по- веќе. Во такви услови јасно е дека националностите од Република Македонија само бараат, условуваат дури и претат. Едно им препорачуваме, мора да сфатат дека со чинот на политичкото организирање си ја предодредуваат и улогата во оваа држава да бидат во опозиција. Практично, ВМРО-ДПМНЕ е на власт до колку тоа се

оствари и го сака македонскиот народ на наредните избори, партиите на националностите ќе бидат конструктивна опозиција. Мора од сега да се навикнуваат на таквата улога , не само тие , туку и сите други со прикриени намери и желби. Затоа, треба да се престане да се кокетира со нив и ништо да не се ветува. Со тоа ќе се навикнуваат да ја почитуваат оваа држава и не со уцени, туку со почитување на нејзините закони и Уставот, поготово одредбите на правата на националностите. Меѓутоа, полицијата е збир на интереси каде се губи г националниот интерес. Се говорка дека при изборот на г-динот Стево Црвенковски е договор на интереси односно да се стави на дневен ред Законот за локалната самоуправа со непримерни решенија во однос на правната држава Република Македонија, во однос на утврдувањето на правата на националностите во одредени реони. Ако имаме постојана борба за интереси станува јасно зошто не се реагира на паралелниот образовен систем поради кој само и затоа 'имаме голем неред свесно предизвикан поради коалицијата и нејзиниот живот и опстанок. Во тоа е вината на министерот Бајалџиев што неговата националната свест е потисната и не^е во можност , можеби спротивно на неговата совест да го попречи вештачкиот и наметнатиот процес во образованието непримерен во светот под дикатат иа националностите. Имав еден пријател во едно село во КИчевско, кој ми говореше како успеало неговото село од македонци муслимани да станат албанци. Едноставно преку основното образование со воведување на албанскиот јазик во основните училишта. Денес во селото се зборува исклучиво албански.

**ТОМИСЛАВ СТЕВКОВСКИ**: (продолжение)

Истото ќе се случи и со селото Бачиште, но со заслуга на министерот, господин Бајалџиев со решение на актуелната Влада, како што беше досегашната пракса и однесувања - спротивно на националните интереси.

Истото се слкучува со Македонците муслимани од Долна Жупа, токму со партијата, во случајот демократската партија на Турците, но зад неа стојат прикриено ПДП-НДП , кои не успеаа да се уфрлат па сега работат преку оваа партија.

Рецептот е ист. Се врши напад во основното образование/ прво јазикот во основното училиште и удар врз националноста. Ние сега сме турци, зборуваме турски, после 10-15 години некоја европска комисија ќе констатира дека се зборува турски или албански, турците ќе се асимилираат и имаме свршена работа. пример Гостивар Тетово.

Едно сакам да појаснам. Границата помеѓу Албанија и кралството Југославија во сегашни услови РМ 1923 година, е извршена врз јазична основа, појас во кој доминираат македонците муслимани. Комисијата при утврдувањето на границата разговарала со децата јазикот на децата бил основа за утврдување на границата. Тоа е јаснс Овој факт јасно говори дека одредена националност во РМ е доселена и не е актохтона во РМ . Нема многу заедничко со Македонскиот народ и е фактор за можна дестабилизација. Во овој контекст може да се сфати изјавата на лидерот на една партија и зборовите "со милост или со сила ќе постигнеме што бараме". Со такви изјави нема сожилество. Таквите изјави водат во несреќи. Каква несреќа доживеаја само муслиманите во Босна со таквите изјави.

XII/2

Со елиминирањето на македонскиот јазик и говор во основните училишта во Кичевско, Дебарско, Струга и Тетовско се руши во основа етничката граница која ја дели Албанија и РМ и го отвора процесот на идеите за голема Албанија. Но, ова се е подредено. Намерата се знае, а несреќата е што нема спротивставување. Што работи министерот ако ова е непобитен пат да го спречи ваквото делување. Веројатно министерот е немоќен затоа што во Владата седат и експоненти на идејата на велика Албанија, па затоа се молчи. Владата мора да остане по секоја цена.

Во Струга за дивите училишта, заради компромис се дозволи 7 пати да се полагаат испити. Се случува сите положуваат и се вклопуваат во образовниот систем на РМ во средното образование Произлегува дека може и 7 пати да се полага и да се постигне целта, но од друга страна ако се полага 7 пати тоа значи дека нешто не е во ред со учениците и нивното знаење , па да се надмине овој срам сега истите режисери се одлучуваат да ги провалат и редовните приемни испити и да се оди од прва рака во полагањето па така во едно средно училиште во Скопје, каде постои и дива паралелка по медицина, се провалуваат текстовите. Настанува процес на малтретирање на учениците од средните училишта. Во сето тоа виновникот што е познат не е виновен, а министерството несоодветно реагира нема суспензија, нема отстранување од работа. Се провалуваат едни текстови во образованието од познати позиции и цели и што ќе се случи ако од исти позиции се провалуваат државни тајни во другите министерства. Зашто тоа е можно. Едноставно поради фактот што во Владата најверојатно мислена именка се државните тајни. Нив веројатно ги знаат нашите соседи. Овој случај јасно говори дека во услови на коалиција, кога постојат интереси и кога грубо се крши законот нема лојалност кон државата, што значи државата не функционира во основниот дел, почитувањето и применување законите со сите последици. Некој во

случајот тоа го овозможува. Пример, образованието, признавањето на учебници покрај бројноста на странски зборови, иако е укажано поради непочитување на училишни стандарди во печатењето на учебници, пример Геогравскиот атлас за VII одделение се сторени толку намерни грешки што може да се нарече саботажа на македонскиот јазик, а воопшто да не се реагира.

Недозволено е некорегирани и нелекторирани учебници да видат бел ден. Тоа се случува. Овде проблемот има и друга димензија.

Бројни закони од областа на образованието не се носат не може да се постигне договор во коалицијата што на некого одговара имаме уриет-прави што сакаш на никого нема да одговараш. Зошто е нападот во средното одделение особено говориме за диви гимназии. Крајната цел е таа кога бројноста на гимназиите и учениците се основа за новото бараше за Универзитет, и што не се крие.

Во нормални услови на почитување на закон и Уставот секој странец кој престојува во РМ може да го остварува школувањето само на јазикот, службениот јазик, на македонски. Министерот за ова не размислувал а бил должен. За сите вакви ученици свидетелствата се ништавни затоа што школувањето е неквалитетно. За ова нека размислуваат добро сите оние кои немаат 15 години живееме во РМ и да престанат со иритирањето на Македонскиот народ. Зошто, веднаш ќе кажам може да доведе до во услови на власт на ВМРО-ДПМНЕ во РМ на споменувањето на условот за живеење во Македонија од 15 на 30 години. Секој дојденец во РМ не може да биде фактор на немири и обиди за дестабилизација на РМ. За сите странци веднаш се изготвуваат во сите нормални држави собирни логори и таму се организира училишта. Така треба да размислува и да постапува министерот во случајот.

XII/4

Интерпелацијата ја поднесовме во текот на месец март а е ставена на седница дури сега, во јули. Од ова ќе извлечам единствен заклучок Прашањето на одговорноста во основа се сведува на свеста на министерот, господинот Бајалџиев. Сметаме дека неговата совест во случајов е дефинирана од фактот што постапувал и ги штител ставовите на Владата, која не води воопшто сметка за личноста на министерот и неговата интима и интересите на Македонскиот народ и држава. До колку министерот сака да се огради од Владата, во експериментите што се чинат во образованието логично би било сам да си поднесе оставка. Се наоѓаме во време на недонесени закони од областа на образованието во сите степени. Во период на упис, приемни испити, училишни програми и се што се случува во образованието, па оттука оставаме на совеста кога ќе поднесе оставка или ја најави, па врз основа на тоа соодветно ќе постапиме.

Со оглед на можноста од продолжувањето на несогласувањето по прашањата од национален интерес во Владата, каде што спаѓа и образованието од определени партнери во коалицијата можно е образување на нова коалициона Влада врз национална основа, што нема да биде случајна работа. ВМРО -ДПМНЕ е најпотребната партија сега на македонската држава, а посредувањето на односите со националностите уште повеќе. Врз основа на сето она што го реков јасно е едно, дека ја повлекувам Интерпелацијата поднесена за работата на министерот Бајалџиев во свое име и во име на потписниците.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Нема интерпелација господо.

(реагирање на пратениците)

Нема интерпелација, нема точка на дневен ред.

Денес прекинуваме со работа, ќе продолжиме во четврток во 11,00 часот.

(од место реагирање - ова е обичен кукавичлук).

Ве молам ја прекинуваме седницата, нема интерпелација.

Ве молам една процедурална интервенција господинот Ештреф Алиу бара.

**ЕШТРЕФ АЛИУ:**

Ценам дека претседателот треба да води сметка за се што беше укажано да му се даде шанса и да се праша министерот дали сака да каже нешто или не.

Втора работа, процедурално излегов да протестирам против фашизмот што дефилира во оваа собраниска сала. Отсега натаму ќе водам крајно внимание како претседателот ќе ги води седниците. А вас ви честитам на кукавичлукот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, ако имате приговор за седницата и водењето се знае како тоа се става на дневен ред. Јас ве убедувам. Инаку, ве молам само да ви објаснам секој што овде зборува си одговара за кажаното. Единствено кога ги загрозува уставните права тогаш и јас интервенирам и ништо натаму, а според Деловникот не можеме да ја држам точката ако предлагачот на точката ја повлекува. Н еможе да продолжам со расправата.

(реагирање од место).

Тоа е работа, тие можат да си проценат што ја дале точката овде дали да им остане таа точка, што следува после во расправата, си заклучуваат сами и си повлекуваат точката и готово, нема дискусија за тоа.

(реагирање од место на пратениците ПДП-НДП.)

Немојте ве молам.

(Тито Петковски дека министерот има право).

На што има право.

(општа реакција на пратениците во салата). Ве молам да се разбереме. Друга работа дали било кој од нас се согласува со начинот како постапиле сега предлагачите на интерпелацијата. Меѓутоа, мораме да се држиме до Деловникот. Додека трае претресот имаат право да ја повлечат интерпелацијата а тогаш точката не постои.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Уште нема претрес, каков претрес?

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам да ви објаснам еве секретарот е до мене. Ве молам разберете, невозможно е да продолжиме со расправа по точка која не постои на дневен ред.

**ФАИК АБДИ:**

Јас сакам процедурално една работа да кажам. Мислам дека беше убаво наместена работата, дипломатски да зборуваат два тројца, да го кажат она што треба да го кажат и повлечена интерпелација. Тоа е мајсторска работа. Тоа е способност, да се разбереме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, повлечена е интерпелацијата, нема интерпелација. Не можеме да расправаме.

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Господине претседателе на нас ни е јасно дека според Деловникот нема материјал затоа што интерпелацијата е повлечена. Меѓутоа, и според Деловникот се знае дека во името на потписниците на интерпелацијата еден дава образложение. Со оглед на фактот дека вие им овозможивте намерно или ненамерно на неколкумина да навредат цел еден народ, јас ве молам според Деловникот да му дадете право

на министерот на одбрана од тие тешки зборови и ние да продолжиме да одговараме на клевтите. Инаку, во спротивно ние ќе се консултираме како пратеничка група како ќе постапиме понатаму.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот министер ако има процедурална забелешка нека повели да каже. Се работи за заштита на начинот на работа во Собранието, ништо друго. Дали некој се направил така вешт да пласира нешто, но со самото повлекување се потврдило , како они сами гледаат на тоа. Немојте ве молам, невозможно е точка што не постои после да ја дискутираме.

**ДИМИТАР БАЈАЛЏИЕВ:**

Процедурално, ако некој, макар и уважениот Парламент саат време кажува дубиози невистини или полувистини има ли право еден човек, кој е повикан според совеста до колку ја има да се повлече од министерската функција да се брани.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, ние сега ќе ја прекинеме седницата, ќе задолжиме експерти да кажат дали можеме ние воопшто на ова да се навратиме. Прашањето е правно.

**ДИМИТАР БАЈАЛЏИЕВ:**

Дозволете молам еден предлог. Имам ли право на предлог? Една .констатација и еден предлог затоа што се рече дека министерот упорно се крие, и незнам што прави, затоа велам под сета морална политичка, човечка и секаква друга одговорност дека сум работел според совест, најсвесно, до крај почитувајќи го Уставот и законите на РМ, за што ...

(реагирање на пратениците).

Ве молам имам право тоа да го речам, за што имам и потврда од пресуди на Уставниот суд за толку валкано искажаните работи за 7 и незнам колку пати повторување на некои испити и  за се она што се

случува во екскомуницираното училиште во Бачишта од 1.XII.1992 година, ве молам ...

(реагирање на пратениците, а посебно на господинот Филозофски).

Ве молам, имам право да се бранам, седнете господине Флоровски на место...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам тишина

**ДИМНТАР БАЈАЛЏИЕВ:**

Ве молам, немојте од нога. Јас ве слушав трпеливо, слушајте ме и вие.

(реагирање на пратениците).

Се повикувате на мојата човечност. Ако е во прашање мојата човештина, со сета одговорност прифаќам се што сум работел дека е во рамки на Уставот и законите. Дека никој не вршел врз мене притисок и дека совеста ми е чиста во се. Мене и на луѓето во Министерството и заради тоа предлагам да се формира Собраниска комисија и до детали да ја испита целата работа на Министерството. Почесно од тоа незнам што да речам ако немам право на одбрана.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам само еден момент. Не треба да се вознимирувате воопшто . Овде е сосема јасно што била намерата на интерпелацијата. Не да се расправа за работата на министерот, туку да се искажат одредени гледишта што тие си ги имаат.

(реагирање на пратениците)

Ве молам, немојте зошто дозволувам. Не можам да не дозволам да не земе збор некој.

Ајде да видиме господинот Оломан Сулејмани што има.

XII/9

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Денеска се виде јасно дека претседателот на Собранието манипулира со целиот Парламент. Мене ми е жал што дозволи интерпелација на министерот Бајалџиев да биде потпишана. Да се плука врз еден министер, да се плука врз жителите на Македонија особено за село Бачишта и не ни се дозволи да излеземе со контра аргументи. Не може да се бега од жешки теми. Јас сум спремен да одговарам јас сум нивни претставник овде, а овде се плука од сите страни. Фино рече господинот Ештреф Алиу. ВМРО тактизира, меѓутоа на такви по- тези не се добиваат политички поени. Немојте вака народот да го ставаме во дилема. Што се работи во Бачишта, што се работи во Жупа и незнам каде. Јас сум толку нервозен и нека му е чест на претседателот на Собранието што Македонија ја тера во овие матни води.

XIII/1.- JJ/МЛ

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Господине претседателе, мислам дека до вас седи секретарот на Собранието. Тој треба да ви помогне како треба да се толкува Деловникот и се друго. Меѓутоа, по нешто знаеме и ние, дека кога се дава интерпелација, ако има нешто да додава групата што ја достави интерпелацијата, тогаш еден претставник од групата образложи. Од вториот дискутант и понатаму веќе тоа е расправа за таа интерпелација, што значи дека сите понатаму треба да учествуваме во таа расправа. Дури јас би рекол дека министерот можеби треба на крајот затоа што тука има аргументи, има работи кои не се кажани, можеби и јас нешто би кажал за министерот дека не било како што треба, меѓутоа имаме и наши аргументи и треба да се рас- права понатаму. Јас мислам дека треба да продолжи расправата а дали вие треба да оцените, вие треба да оцените дали ќе продолжи сега или утре расправата, но таа мора да продолжи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Само еден момент да ви објаснам. Јас прашав како што пишува токму овде во Деловникот. Молам еден од подносителите да ја образложи подиесената интерпелација. И Арсов ја образложи. Си- те други ги забележав кој како се јавил за збор по редот на јавувањето. Се јави господинот Флоровски, господинот Стефковски, господинот Минов и господинот Ештреф Алиу. Тие само се јавиле за збор Ништо јас не сум можел да претпоставам кој кога и што ќе направи. Тој си ја повлече интерпелацијата. Со повлекувањето на интерпелацијата, ве молам, веќе нема точка на дневен ред. Во тоа е целата работа. Ниту министерот се јави ниту некој од вас се јави за збор пред тоа. Само тие што се јавија јас ги забележав.

Повелете господине Мухамед Халили.

XIII/2.-

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Вие господине претседателе закажавте седница за четврток во 11 часот. Јас предлагам прва точка на дневен ред на таа седница да биде точката, а ќе ви се обратам утре и писмено со наслов Состојби во основното, средното и високото образование на албански наставен јазик во Македонија. Молам тоа да го прифатите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас пак сакам само да ви објаснам. За четврток јас закажав продолжување на 63-та седница, заради тоа ве молам што сум замлен од Владата по Законот за здравството да ги усогласи ставовите. Седницата не е за ништо друго.

Има збор господинот Ештреф Алиу.

**ЕШТРЕФ АЛИУ:**

Сакам да ве потсетам при забележувањето на дискутантите се додаде од страна на претседателот дека би било уредно прво да ги ислушаме претставниците односно потписниците на интерпелацијата Тоа значи бидејќи ние тоа го почитувавме, дека некој се јавил и пред четири - пет ато беа запишани по ред. Значи од првиот па натаму тоа е точно дека почна расправа. Мислам тука не е фер копја да се вадат за ништо оти функцијата и намерата ни е сосема спротивна. Но овој факт треба да се прифати и да се трудиме во иднина крајно да се ангажираме сите коректно, пропусти намерни или ненамерни да ги снема во ова Собрание.

Мој личен став и лично длабоко убедување е дека вака не смее ова седница да заврши. Како, можеме да се договориме, т.е. оваа точка не смее на ваков начин да има епилог, ова и од причини зашто се плашам дека утре некој со право ќе рече Македонија е тотално фашизоидна. Јас тоа не го прифаќам.

XIII/3.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ние овде треба да работиме по Деловникот. Овде предлагачот на точката го повлекува материјалот. Вие не треба да сфати- те дека народот или јавноста или странците заклучуваат каква е Македонија по тоа што од опозицијата некој поднел точка и што ќе кажат. Тоа не е така точно. Се знае дека тоа опозицијата го направила и го повлекла.

**ФАИК АБДИ:**

Јас се обраќам на претседателот на Собранието, на пратениците и на јавноста, наиме ве молам, овде многу пати изгубивме време околу интерпелации и барање оставки на претседателот на државата, претседателот на Владата, претседателот на Собранието, одделни министри итн. Ниедна од тие точки не завршија вака. Денеска, според мое скромно убедување не беше во прашаше господинот Бајалџиев. Во прашаше беше целата коалициона Влада и неоколицијата, сите политички партии. Според се она што се кажа, на критика беа сите а поготово односите внатре изгледа како бркање вештици постојано меѓу нас. Според тоа сметам дека оваа седница треба да продолжи и да расчистиме што е што, без разлика на тоа дали некој барал или ја повлекол интерпелацијата. Мислам дека тоа не е дипломатија и ако тоа го прифатиме не сме дипломати. Треба во работи- те да одиме до крај.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Горѓиев, а ве молам да престанете.

**ПЕТАР ГОРГИЕВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници. Од името на пратеничката група Либерална партија предлагам сега да ја на

постапката на поднесената интерпелација и текот на седницата да дозволиме претседателството да заседава и по однос на исходот да го извести Собранието, а дали ќе има услови за продолжување по истата точка или не, тогаш ние би се изјасниле. Денеска немаме услови за изјаснување, поради тоа што во моментот немаме точка за расправа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам да прекинеме. Еве збор бара господинот Наќе Стојановски.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас мислам исто така дека оваа седница не може да заврши на ваков начин на кој се обидовме да заврши затоа што со утврдувањето на дневниот ред на интерпелацијата, таа точка на дневен ред треба да заврши со согласност на членовите на овој Парламент, согласно Деловникот и начинот на кој се носат одлуки и заклучоци. Со тоа што еден претставник или нивниот претставник на подносителот на интерпелацијата искажа овде од говорницата дека ја повлекува интерпелацијата, не може претседателот односно претседавачот деловнички да донесе заклучок дека расправата по интерпелацијата е завршена. Таквата констатација според мене може да се донесе ако се согласи Собранието согласно некој заклучок дека нема да води расправа. Ако претходно е отворена расправа и се искажани само претставници од подносителите на интерпелацијата, притоа видно дека не е дадено збор на министерот за образование, а ни на другите парламентарни групи да се искажат за дневниот ред за кој гласале за таа точка, мислам дека деловнички е направена процедурална повреда за која треба ова Собрание да продолжи со работа. И ако ова Собрание се

согласи дека треба да ја прекине расправата дека не треба да носи никаков заклучок, тогаш да престане распра- вата во однос на интерпелацијата што беше поднесена. Тоа никако да биде право на претседавачот, после произнесувањето на еден претставник да го направи на начин на кој беше направено затоа што тоа создава преседан на кој ќе може пратениците, односно парламентарните групи понатаму да манипулираат со ова Собрание, да можат да искажуваат свои ставови, а притоа да ја прекинуваат распра- вата за да не можат да се сослушаат и други различни ставови од сопствено искажаните.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

И јас ги поддржувам сите пратеници кои искажаа револт на начинот на кој се сакаше да се заклучи претресот по интерпелацијата. Се смета дека за сета оваа работа постои сценарио како се ова да се изведе. Ова го велам од причини, и покрај тоа што претседателот на Собранието се повикува на деловничките одредби за начинот на кој ќе се води расправата, сметам дека токму тие одредби беа повредени на начинот на кој беа редени овдека дискутантите кои зборуваа за интерпелацијата. Доколку се повикуваме на одредбите од Деловникот а тоа е точката 5 од Деловникот постапка за разгледување на интерпелација, односно член 49 вели: "Еден од делегатите што ја поднел интерпелацијата има право на седницата на Соборот да ја образложи интерпелацијата". Во ставот два понатаму се вели: "Претставникот на Извршниот совет има право на седницата усно да го образложи извештајот на Извршниот совет по интерпелацијата".

Со ова јасно се воспоставува редот на расправата по однос на интерпелацијата. Сите ние овде сме сведоци на кој начин и со какво сценарио се водеше расправата. И покрај тоа што овде беше образложена интерпелацијата од страна на поднесувачите, а тоа беше Драги Арсов им беше дозволено и на тројца или петорица други подносител на интерпелацијата, истото тоа да го направат, и покрај тоа што на време беа најавени други парламентарци да ги изнесат своите видувања по однос на истата. Меѓутоа, тоа не им беше дозволено со образложение дека треба да ги очекуваме да настапат тие кои ја поднеле интерпелацијата.

Ова ме наведува на тоа дека постои зад оваа работа сценарио за начинот на кој треба да се заклучи расправата по однос на интерпелацијата. Ова е прво.

Како второ, сакам да изнесам на некој начин мое видување околу можноста да се заклучи расправата по интерпелацијата со фактот на повлекувањето на интерпелацијата. По однос на ова прашање во член 51 од Деловникот се вели: "Делегатите што ја поднеле интерпелацијата можат неа да ја повлечат до завршувањето на претресот". Со ова е регулирано само начинот и можноста кога може да се поднесе интерпелација. Со ова не е регулирано и прашањето на заклучувањето на претресот по однос на поднесувањето на интерпелацијата. Со ова законодавецот веројатно не ги имал предвид вакните ситуации што нам ни се случуваат овде, некој да си зема за право да плука по една партија, по еден министер или цела националност, или во поволниот момент додека другите не изнеле свој став, истата да ја повлече и со тоа да се заврши расправата. Ова прашање не е регулирано. Ова е прашање нешто суигенерис кое веројатно, ние кои работиме по ова прашање треба и нормативно да го регулираме. Со оглед на тоа што со ова не е

децидно регулирано, дали може да се заклучи расправата по интерпелацијата, во моментот кога веќе е отворена расправата по истата, а во меѓувреме истата се повлекува, сметам дека за оваа работа треба да се изјасни компетентно тело по ова прашање. а ние не смееме да ја заклучиме расправата вака и да ја завршиме седницата на ваков начин.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Петковски.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Најнапред сакам да констатирам дека ние навистина и формално немаме кворум и не можеме да работиме. Очигледно е дека немаме 61 пратеник присутен. Второ, деловнички не е спорно дека предлагачот на материјалот, на иницијативата на законот може во секое време да ја повлече. Меѓутоа, мислам и длабоко сум уверен во тоа дека не само што е рецидиф од минатото и дека Деловникот не е усогласен со овие наши демократски текови, туку длабоко е недемократски чинот да се покрене интерпелација а да не се даде минимална шанса на оној кон кого е насочена, да не може да каже ни два збора. Па упатува дека навистина се работи само за политичка ујдурма и за политичка игра, со цел да се дисквалификува човекот а да не му се даде ни минимална шанса во своја одбрана да каже неколку збора. Ова е недемократска до крај. Според тоа за мене и процедурата би била во ред ако на почетокот е поднесена интерпелација, образложена, некој според Деловникот има право да каже, уште нешто да дополни и да му даде шанса на тој кон кого е насочена, и тој да каже нешто во своја одбрана. Дури тогаш нека одлучи али ќе ја повлече интерпелацијата или ќе продолжи расправата. Вака се елиминира секаква можност длабоко недемократски да се

линчува човек морално овде, да се дисквалификува а заради правни затшколици да не му се даде елементарно право во своја одбрана нешто да каже.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, само нешто да објаснам.

Друга работа е што господинот Петковски не претседава и не мора да зборува како што јас морам да зборувам. И јас мислам исто како него дека е недемократски да се покрене постапка, се да се искаже и да се оди. Меѓутоа, мене не ми дава право да продолжам со седницата кога веќе нема точка за расправа. Во тоа е суштината. А за тоа колку е демократско однесувањето на тој што тоа го прави, треба јавноста да си суди и Парламентот да си суди. Меѓутоа, ве молам во сите парламенти кога од предлагачот се повлекува точката, тогаш престанува секаква расправа, зашто расправата нема по што да се води. Јас не ја прекинав расправата. Јас не го заклучив претресот. Јас само констатирав дека нема по што да расправаме. Само тоа го констатирав. Ако има по што да расправаме, докажете, еве да најдеме начин како да расправаме, да продолжиме да расправаме. Инаку ако е за моралнивт аспект, длабоко не се согласувам со било кој така и понатаму да прави, како што сега беше направено. Но, тоа е моралната страна. Тоа не е правната страна. Правната страна вака стои, точно така, немаме предмет за расправа. Ова не е прекинување на расправата, не е затварање на претресот, туку немаме предмет за расправа. Ве молам јас не ја затварам расправата, како што и не констатирам да го заклучам претресот, само ве информирам оти немаме точка и е повлечен предметот за расправа.

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Јас бев јасен и понудив предмет за расправа. Во четврток прва точка на дневен ред да биде точката што ја предложив.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, тоа е друга работа. Тоа треба да се предложи на друга седница, не може на оваа седница тоа да биде на дневен ред.

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Јас сега предлагам седница. Не е ова пратеничко прашање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас ве молам не е згодно сега, но сега седницата нека прекине а да си кажам, штом сте тука надвор од тоа. Направен е еден трик и сега сите се чувствуваме потресени непотребно. Тој што поднел интерпелација, си заклучил дали му држи или не му држи, и си ја повлекол. Тоа што рекол значи го рекол џабе. Значи немал основа за тоа и ништо понатаму. Затоа ви велам, не треба на тоа да се дава значење. (Пратениците реагираат од место и нешто предлагаа.

**ЏЕЛИЛ ТАИРИ:**

Јас мислам дека се она што се случи денеска во добар дел кумуваше и претседателот. Еве од кои причини. Од причини што уште кога даде можност да се наредат сите четири подносители, а петтиот го немаше овде, уште тогаш јас почувствував дека овде има некое сценарио. Не е можно претседателот, според Деловникот, да ограничи право кој ќе биде прв, втор, трет итн. Овде сите се наредија, бидејќи во Правилникот стои еден од подносителите, понатаму немаат повеќе право да се редат еден по еден. Од тоа произлегува дека денеска овде на оваа говорница се истури еден куп ѓубре од еден камион и ништо не можеме да правиме. Сметам дека не е чесно некој уличар да удри шамар на еден чесен човек и на крајот да рече извини, го повлекувам шамарот.

Сметам дека предлогот на координаторот на нашата пратеничка група треба сериозно да се сфати, инаку од сето ова што може да произлезе ние како пратеничка група не преземаме никаква одговорност.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сакам уште еднаш да ви објаснам. Предлогот на господинот Халили е од друг карактер. Тој може да поднесе писмен предлог што намерава да се стави на дневен ред и јас, се разбира, во согласност со деловникот, ќе го упатам на Владата и Владата ќе си подготви материјал и ќе заседаваме овде и ќе разговараме. Но, не можеме на 63-та седница да внесуваме друга точка наместо ова. Тоа не е возможно. Тоа е прво. Сакам да ви објаснам дека постапив како секогаш што поставувам, реков дека треба овие кои имаат предлог да го обра ложат и дадов збор на Арсов. Кој како се јави така запишав. Тоа е веќе прашање на доверба. Кој како се јавуваше така запишав и ништо понатаму.

XIV/2

**КОЛЕ ЛУЛОВСКИ:**

Единствен останав од опозицијата, но за жал иако во политиката нема жалење, но во тактиката жалосно уште еднаш како пратеник дојде во образованието да се примени тактиката и трикот, таканаречен. Тоа е жалосно и сакам да се извинам на сегашниот министер за образование затоа што точно дискриминацијата и дискредитирањето на министерот е навистина вистински трик. Личноста и моралот на една личност, дали се работи за македонец, или од други националности е многу побогато од било каков трик. Уште еднаш, текот на седницата сигурно наместо да се дискутира за образованието, воведон ме политика во образованието. Ако политиката се уфрли во спортот, во културата во сите области во сите сегменти до сега жалосно со оваа седница политиката се уфрли и во образованието.

Препорачувам сепак точката и понатаму дискусиите како се водеа до сега не припаѓа во образованието, тоа е за расправа на Советот за меѓунационални односи. Тука мислам јас како пратеник сепак за мене претставува некој новитет и сакам донекаде министерот да ме сфати, не сакам да водам дипломатија, да му се извинам и да ме сфати дека во трикот уште еднаш да го повторам,не сакам да учествувам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, само едно да ви објаснам и тоа треба да го сфатите. Се работи за емоции, а не за факти. Како мислите вие некој да биде дискредитиран од оној кој покренал петиција, па не издржува расправа, си ја повлекува. Како може тоа? Немојте така, ве молам.

XIV/3

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Добро,ајде да го прифатиме ова дека Интерпелацијата е повлечена. Интерпелацијата може да се повлече со првата дискусија односно првото образложување на интерпелацијата. Имаме уште две дискусии за кои, за дискусијата на господинот Флоровски и дискусијата на господинот Стефковски, ние исто така да расправаме во вид, употребувајќи го механизмот реплика затоа што тука се спомнати и партии, спомнат е министерот што значи дека врз основа на последните две дискусии ние можеме да расправаме и понатаму. Тука имаме право за збор и да го искажеме тоа што треба да го искажеме.

**ДИМИТАР БАЈАЛЏИЕВ:**

Претседателе, и уважени пратеници, старо римско правило е "аудијатор е талпера фарса", се огрешивме од тоа правило. Според мене, слушам и стари деловнички одредби и ги уважувам или се повлекува пред било какво образложување и е повлекување или не може да почне расправа, а да не се чуе другата страна која е пред сета јавност доби еден впечаток и втора вистина е и најголемата лага пред широката јавност првично презентирана, станува вистина, а цело време се алудираше на мојата свест, совест, на институциите на оваа држава и на некои политички партии вклучително и на една националност, а се разбира и коалициони партнери.

Не е во ред, правиме лоши преседани, а воопшто не е битен министерот дали сам ќе си оди, но зошто ќе си оди. Се повикува на неговата совест, јас ви велам совесно сакам да ја проверам дали ми е чиста сходно уставните и законските одредби. Тоа ми е ускратено Јавноста веќе ја прими како сунѓер така назначената повлечена интерпелација. Кому тоа служи?

XIV/4

**СТОЈАН АНДОВ:**

Суштината на парламентарната работа е во тоа што тој што повлекува интерпелацијата, повлекува се што рекол. Ги повлекол аргументите, се повлекол, ништо друго не е тоа. Давате сосема друго значење на тоа што се случило овде.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Овде се изрекоа многу зборови. Можеби намерен трик, но во конкретна состојба е паметна работа. Изгледа дека ние немаме кондиција да се расправаме за тие вжештени теми, па можеби паметно постапија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи, ја прекинуваме седницата.

Молам, во четврток во 11,00 часот ќе продолжиме.

(Седницата прекина со работа во 18,00 часот.)